УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ

МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕ

# *ВРЕДНУВАЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА РАБОТНИТЕ ДОЛЖНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД АСПЕКТ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ*

Магистерски труд

Ментор:
Проф. д-р Вера Стојановска

Кандидат:
Даниела Блажева

Скопје, 2016

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 5

I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 8

1. Наставникот и неговите работни должности ........ 8

2. Поим и улога на наставничкиот колектив ........ 14

3. Вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците ........ 21

3.1. Анализа на Инструментот за вреднување на исполнувањето на должностите на наставниците во основното образование ........ 32

4. Државен просветен инспекторат ........ 41

4.1. Надлежности на Државниот просветен инспекторат ........ 47

4.2. Вршење инспекциски надзор ........ 51

5. Евалуација на работата на наставниците ........ 59

6. Работни должости на наставниците и нивното вреднување ........ 63

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 65

1. Предмет на истражувањето ........ 65

2. Цел и задачи на истражувањето ........ 65

3. Хипотези ........ 68

4. Варијабли на истражувањето ........ 70

5. Методи, техники и инструменти на истражување ........ 71

6. Примерок на истражувањето ........ 72

7. Статистичка обработка на податоци ........ 73

8. Организација и тек на истражувањето ........ 74

III. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И НИВНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА ........ 74

1. Анализа и интерпретација на резултатите на анкетирањето на наставниот кадар ........ 75

2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на просветните инспектори ........ 105

IV. ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И КОНСТАТАЦИИ ........ 131

Општи заклучоци ........ 131

Користена литература ........ 138

Прилози ........ 143

**Прилог 1** Анкетен прашалник за наставен кадар........................................143

**Прилог 2** Анкетен прашалник за просветни инспектори ..............................150

**Прилог 3** Извештај од извршеното вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници во ООУ...157

## ВОВЕД

Потребата за постојано подобрување и унапредување на наставата во основното образование поттикнува бројни реформи во обрзовниот систем, како на глобално ниво, така и во Република Македонија.

Технолошкото осовременување наметна бројни промени во водењето на наставата во сите степени на образование, па така и во рамките на основните училишта. Повеќе не се применува класичното традиционално учење кога наставникот предава, а учениците слушаат, туку се применуваат повеќе активности во кои учествува и ученикот. Потоа, се применуваат компјутери, наставната материја се предава презентирајќи ја во сликовити презентации и слично.

И покрај сите тие новини во образованието, сѐ уште постојат наставници кои не сакаат да пристапат кон усвојување на новиот начин на спроведување на наставата и ја водат на стар начин. Модерните општества и стремежот кон усвојување на светските практики не го дозволуваат тоа и оттука се јавува и потребата за воведување на просветна инспекција која ќе може да го контролира водењето на наставата, како и нејзиното планирање, организирање на наставата, но и другите сегменти кои се дел од работните должности на наставниците во основните училишта.

Државниот просветен инспекторат има задача да врши контроли во училиштата, да го подобрува квалитетот на интегралните евалуации, како и квалитетот на известување за резултатите од нив, притоа пополнувајќи

извештаи со бодување. Се смета дека редовното контролирање на работата на наставниците во основните училишта од страна на просветните инспектори и вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците ќе придонесе да се подобри образованието во Република Македонија и да се подобри неговиот квалитет.

Магистерскиот труд е концептиран во четири засебни тематски целини.

Првиот дел, насловен како *Теоретски пристап кон проблемот на истражување*, прво го опфаќа поимот наставник како и негово длабинско анализирање низ призма на работните должности. Со цел повеќе да се навлезе во тематиката на трудот, се анализира и наставничкиот колектив во целост при што направен е осврт на карактеристиките на ефикасност кој истиот ги има. Вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците е елаборирано со анализирање на инструментот за вреднување на исполнувањето на должностите на наставниците во основното образование. Понатаму во овој дел од трудот е направена анализа на државниот просветен инспекторат, како и на евалуацијата на работата на наставниците и работните должности кои ги имаат, секако и нивното вреднување.

Во вториот дел од трудот насловен како *Методологија на истражувањето*, прво е прикажан предметот на магистерскиот труд, за да потоа следи приказ на целта и задачите кои ги има истражувањето. Во продолжение следи хипотетичката рамка и варијаблите на истражувањето. Значаен дел од оваа тематска целина има и прикажувањето на методите, техниките и инструментите кои се користени за потребите на овој магистерски труд, како и истражувачкиот примерок на кој беше спроведено истражувањето.

Дадено е објаснување на начинот на анализирање на податоците, односно на статистичката обработка на податоците. Овој дел од трудот се завршува со краток приказ на организацијата и текот на истражувањето.

Третиот дел од трудот насловен како *Резултати од истражувањето и нивна интерпретација*, содржи анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на наставниот кадар како и од анкетирањето на просветните инспектори. Овој дел од трудот се завршува со тестирање на поставената хипотетичка рамка при што се корелираат добиените резултати од едната и другата категорија на испитаници, со цел на (не)прифаќање на хипотезите.

Последниот дел од трудот се однесува на *Заклучните сознанија и констатации*, каде што е даден приказ на општите заклучоци од направената теоретска елаборација, како и од спроведеното теренско истражување за потребите на магистерскиот труд.

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Наставникот и неговите работни должности

Наставниците имаат клучна улога во пренесувањето и унапредувањето на човековото искуство и знаење. Со оглед на енормно високиот техничко-технолошки развој и глобализацијата, наставничката професија станува се посложена. Таа повеќе не се поврзува само со компетентност за учење и поучување на оние кои им ги доверило општеството, туку и со компетентност за активна партиципација во развојните текови на училишната организација.

Анализата на бројни емпириски и теориски истражувања упатува на констатацијата дека лидерската улога на наставникот е значајна за демократизација на училишната клима, таа придонесува во поддршката и поттикнувањето на учениците за постигнување на повисоки училишни резултати, ги мотивира наставниците на соработка и партнерство и го поддржува процесот на доживотно учење.

Наставниците како професионалци извршуваат сложени задачи. Ако се анализираат законските регулативи со кои државите го уредуваат образованието како сфера на општествена дејност ќе се воочи дека наставничкиот професионален ангажман се однесува на: планирање, организирање, водење, менторирање, евидентирање, евалуирање, соработување/кооперирање, анализирирање, собирање и обработка на податоци. Сите овие работни активности подразбираат воспоставување на

интеракциски односи со различни субјекти внатре во институцијата, надвор од институцијата, а се однесуваат на примената, дисеминацијата и процесуирањето на информации, како и на аналитичко-истражувачки работи, односно директно се поврзани со исполнување на функциите на училиштето. Уште и ако се земат предвид европските принципи за компетенциите и за квалификациите на наставникот: Добро квалификувана професија, Професија ставена во контекст на доживотно учење, Мобилна професија, Професија базирана на партнерства, Работат со други, Работат со знаење, технологија и информации, Работат со и во општеството, компетентноста на наставниците повеќе не ќе може да се мери само низ нивните знаење, разбирање, способности и вештини потребни за квалитетно предавање. Компетентното извршување на сите предвидени задачисигурно ќе зависи од лидерските знаења, вештини и способности. Од тие причини оправдано е да се дискутира за наставникот како лидер.

Наставникот претставува почитувано педагошко лице кое е во конекција со учениците за одржување на настава и едукација – учење. Наставникот кој има желба да успее во својата работа мора да ги прифати учениците такви какви што се, а прифаќањето на другите е претпоставка за познавање на себе си и својата личност. Многу кои се занимавале со истражување на оваа професија се сложиле дека личноста на наставникот е значајна, можеби и одлучувачка, но истовремено и најкомплексна варијанта во наставната и воннаставната работа на училиштето.

Пожелното однесување на наставниците кај учениците предизвикува ефекти кои може да се дефинираат на следните начини: емоционална

сигурност, уважување, наклонетост, намалување на страв, зајакнување на поимот за себе, способност и волја за претставување на себе си. Коменски наведува дека наставникот мора да ги привлече учениците од основно образование со својата наклонетост, пријателски однос, охрабрување и поддршка.[1]

Понатаму, важен елемент е стручноста на наставникот која претставува предуслов за реализација на работните должности. Земајќи во предвид дека оваа работна професија трае долги години, наставникот не може да има рутински карактер. Професионалното работење на наставникот треба да следи три основи[2]:

- Првата се однесува на педагошко-психолошко и дидактичко образование и воспитание на наставниците.
- Втората припаѓа на општо-културниот развој на наставникот.
- Третата припаѓа на областите на наставно планирање и креирање програми за чиешто остварување е задолжен наставникот.

Во Законот за основно образование[3] се истакнува дека работните должности на наставникот од основно училиште ја опфаќаат наставата и другите видови на организирано работење со учениците, потоа подготовка за

---

[1] Komenski, J. A. ( 1967). Velika didaktika. Beograd: Zavod za izdavanje udžbenika Socijalističke Republike Srbije, str.106
[2] Marković,Ž. (2002). *Nastavnik je vaspitač.* Kragujevac, str.40
[3] Член 86, Сл. Весник на Р. Македонија бр.103/08 од 19.08.2008 година, Достапно на: *w w w . p r a v o . o r g . m k*

наставниот час, прегледување и оценување на писмените задачи и другите работи кои се потребни за остварување на воспиштно-образовната програма.

Времето кое се издвојува за подготвување на наставата и на другите воспитно-образовни работи на наставникот вклучува:

- Планирање на наставата во писмена или електронска форма и личен избор на наставни средства.
- Подготвување на дидактички помагала
- Соработка со родителите на учениците
- Соработка со стручните органи на училиштето
- Извршување на задачи на одделенски раководител
- Учество во интерна проверка во постигнувањата на учениците со стандардизирани тестови.
- Учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување,
- Собирање и обработување на податоците кои се во врска со извршувањето на воспитно-образовната и друга работа,
- Водење на педагошка евиденција и документација
- Менторство на учениците,
- Менторство на наставниците – приправници,
- Уредување на кабинети, збирки, училишни работилници, вежбални, игралишта, насади и др.
- Организирање на културни спортски и други општо корисни и хумани акции во кои учествуваат учениците,

- Водење слободни ученички активности и работа со ученици на проекти и истражување,
- Планирање, организирање и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, летување, логорување што ги организира училиштето и
- Извршување на други работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

Наставата претставува организирана, систематска, планска и свесна активност на учениците што се изведува под раководство на наставникот низ кој се пренесуваат воспитно- образовните и наставните содржини предвидени со наставните планови и наставните програми.

До појавата на Коменски, особено во средниот век, наставата не се одвивала по одделенија, туку таа била вербално и механички изведувана и усвојувана. Коменски ја претставил организацијата на наставата, со цел таа да се одвива по одделенија, наставни предмети, наставни часови, наставни години, полугодија и соодветна распределеност на наставниот материјал.

Тој вид на традиционална настава продолжил да се применува и понатаму во нашите училишта. Меѓутоа современото општество го карактеризираат динамични промени, интензивен развој на информативните и телекомуникациски технологии, со што се остваруваат предуслови за квалитетни промени во сите сфери на општеството, а посебно во образованието.

Овде централна улога зазема учењето на ученикот наместо поучувањето на наставникот. Со современата настава се менува и улогата на ученикот, наместо пасивен слушател, тој сега е активен учесник во наставниот процес.

Во оваа денешница е исклучително тешко да се биде добар наставник, токму затоа истите се многу ретки, а уште поретки се луѓето коишто знаат да ги препознаат и ценат токму нив. Иако некои од квалитетите на добриот наставник се суптилни, сепак некои од нив може прилично лесно да се идентификуваат. Ова се дел од карактеристиките што ги поседува еден добар наставник:

- Познавање на својот предмет
- Трпеливост
- Интелектуална љубопитност
- Самодоверба
- Сочувство
- Постигнување
- Планирање
- Свесност
- Менторство
- Зрелост
- Вклученост во општеството
- Организација
- Визија
- Контекст
- Мисија

- Ентузијазам.

## 2. Поим и улога на наставничкиот колектив

Наставничкиот колектив со стручна терминологија се означува и како педагошки колектив. Таков колектив на ниво на едно училиште своите цели и задачи не може да ги оствари само индивидуално туку со ангажирање на одредени наставници коишто неопходно е да се обединети кон истата цел.

Наставничкиот колектив во целина е тим кој што е обединет и добро интегриран и истиот претставува најголема воспитна сила во едно училиште.

Предноста на колективното над индивидуалното воспитување се состои во тоа што, како тоа вообичаено се тврди :

- колективно (групно, тимско) работење *го јакне капацитетот* (ставајќи во акција повеќе индивидуални знаења и способности*),*
- *го намалува бројот на изостаноци на работа,* и
- им овозможува на наставниците да си ги задоволат своите природни *потреби за припадност и пријателски чувства.*

### Карактеристики на ефикасност на наставничкиот колектив

Ефикасноста на наставничкиот колектив се препишува на мноштво позитивни карактеристики. Најчесто тоа се:

- Збор за стручно сродни индивидуи кои добро се организирани и поврзани со заеднички работни задачи и обврски,

- добро поставена и спроведена организација,
- колективот да има програма за работа,
- секој член на колективот да е добро професионално адаптиран,
- да поседува чувство за колективизам,
- со педагошки авторитет располагаат како членовите така и колективот во целина, чувство за колективизам,
- лесно и успешно комуницирање помеѓу членовите на колективот.

Добар наставнички колектив уште се истакнува со: дисциплина, организациска цврстина, единство, висок работен елан, високи резултати на работа, меѓусебна благодарност и почитување, чувството на припадност на колективот, слобода на искажување, конструктивен пристап кон проблемите, демократска и работна иницијативна атмосфера, динамика во смисла на постоење на јасни перспективи за развој на колективот итн.

**Колективизам** – во општа смисла претставува склоност на една личност за живот во колектив и принцип на взаемна помош и соработка на луѓето од еден колектив, преданост кон општите интереси. Тоа подразбира кооперативност, другарство, прифаќање на групни цели, вредност и норми, солидарност, спремност за одредено жртвување поради остварување заеднички цели, систем на верување на кој треба предност да се даде на колективот и сл. Во смислата на колективизмот се подразбира сузбивање на индивидуалноста.

Како што поединецот поседува индивидуална свест, тврди познатиот француски социолог Диркем, поседува и колективна свест како посебен обик

на човечка свест. Во прашање се исти или слични ставови и верувања, општо прифатен систем на вредност, морал и др.

**Педагошкиот авторитет** претставува својство без кое не може да се замисли личноста која воспитува. Тоа е нешто кое наставникот мора да го стекне, тоа е средство кое се користи во процесот на воспитување и што е особено тешко да се сочува.

Во прашање е угледот кај наставникот кој го има кај своите ученици, родители и во друштвената средина. Тоа е и углед кој го имаат во својот колектив. Угледот на еден наставник се доведува прво во врска со тоа колку е тој посветен на својата работа и децата, хуман, праведен, работлив, ја почитува човековата и детската личност, коректен во однос со другите, стручен, прифатен во својата средина и колектив, доследен, силен, неколеблив, амбициозен и сл.[4]

Редот во училницата е неопходен доколку се сака да се реализираат наставните активности предвидени за тој час, ден. Наставникот е тој кој што го воспоставува редот со својот авторитет, кој го користи учениците да прифатат дека тој е овластен да управува со нивното однесување и учењето. Доколку наставникот го нема тој авторитет тешко ќе успее да работи во одделение со просечно триесетина ученици. Но, не е така лесно да се воспостави тој авторитет. Тоа зависи пред сè од статусот кој го има наставникот во општеството, училиштето, меѓу учениците и родителите. Најважен е статусот на наставникот пред учениците, а тој се покажува преку опуштеното, сигурно и

[4] Bujas, Z. i Pez, B. (1964): *Psihofiziologija rada*, Zagreb: Izdavački zavod Jugoslavenske Akademije, стр.58-59

уверливо однесување во одделението. Зависи и од компетентното поучување од страна на наставникот, односно од неговото големо знаење за некоја тема или предметот кој го предава и од добро испланираниот и организиран час.

Ова поттикнува почитување од страна на учениците во секој случај. Авторитетот зависи и од организацискиот надзор кој го има наставникот во училницата. Имено целокупното однесување во училницата треба да биде вешто следена и раководена од страна наставникот, а ова се постигнува преку воспоставување на јасни правила на однесување. На крај авторитетот зависи од начинот на кој наставникот ги решава проблемите со недисциплината, и истиот ќе се зголемува дотолку тој поуспешно и поправедно ги решава проблемите со недисциплината.

*Авторитетот може да биде вистински и лажен*. Правиот се стекнува и го одржува она што во позитивна смисла го карактеризира, додека лажниот авторитет е производ од страв, слепа љубов и добрина, резонерство, подмитување и сл. Педагошкиот авторитет првенствено се поврзува со личните особини на еден наставник, ама се доведува и во врска со едно училиште како институција, со угледот на еден наставнички колектив, со позитивна традиција, резултат на работа и други мерки. Секој својот авторитет го стекнува со своето знаење, работа и коректност. Меѓутоа, на стекнување и рушење на педагошкиот авторитет на еден наставник може во голема мера да влијае и колективниот педагошки авторитет со кој располага едно училиште или наставниците во целина. Колектив во кој никој никого не почитува ја нема онаа воспитна сила со која располага добро интегриран и афирмиран колектив. Поради тоа не е случајност што психијатарот С. Бојанин, како добар

познавач на училишните прилики, уште пред петнаесетина години оценил дека нашето училиште е сериозно „разболено". Тој тоа го дијагностицирал во смисла:

- пореметување на меѓучовечки односи,
- губиток на чувство за други,
- егоизам,
- нелојална конкуренција,
- престиж по секоја цена,
- врежно мислење дека сопствениот авторитрет може најлесно да се стекне со рушење на авторитет или углед на своите колеги итн.

Со вакво однесување ние заборавме дека за нашиот авторитет се заслужни и други, пред сѐ училиштето како институција, традиција, наука која ја експлоатираме, оние кои пред нас работеле во училиштето, а и во голема мерка и оние кои покрај нас свесно работат или на разни начини свесно го рушат нашиот авторитет, негледајќи дека со тоа уште повеќе го рушат и својот углед. За личниот или наставничкиот авторитет воопшто, веќе одамна многу нешта се искажани (К. Левин, К.Д. Левитов, Н.Д. Левинов, В. Џурич, М. Мијушкович и многу други, а особено педагошкиот класик А.С. Макаренко) и тоа секогаш со една напомена: дека без педагошкиот авторитет во воспитувањето не може скоро ништо значајно да се оствари. Поради тоа често може да се слушне и тоа дека наставник повеќе воспитува со својата сила и личност, отколку со силата на она што го знае.

Позитивен пример на сочувување на институционалниот, научен, струковен и личен углед или авторитет се на пример здравствените работници.

Ретко кој може да каже дека слушнал како еден лекар неповолно се изразува за стручноста на другиот лекар.

**Добра меѓучовечка комуникација** – Бидејќи човекот е социјално суштество има потреба од други индивидуи, а тоа значи дека со нив мора да комуницира. Со добра комуникација превентивно се делува и на можни конфликти во колективот.

Кога говориме за наставникот и неговата професионална улога, треба да имаме в предвид дека и самиот педагошки акт е еден специфичен вид на комуницирање. На одреден начин од успешна комуникација зависат и меѓучовечките односи, а од меѓучовечките односи зависи психолошка атмосфера во колективот и резултати во работата. Тоа е очигледно и од наводите од Б. Петза дека на работниот елан и мотивација за работа делуваат мноштво фактори како што се: професијата, успехот, социјалните фактори, плата, физичката и психичката работна атмосфера и посебно, меѓучовечките односи. Во врска со успешната меѓучовечка комуникација (добри односи) особено се доведуваат следниве прашања :

- Кој е основниот услов за успешна комуникација?
- Може ли успешната комуникација да се подреди под некои правила?
- Како другите најлесно да не разберат?
- Како ние другите најлесно да ги разбереме?
- Што успешната комуникација ја оневозможува?
- Кои се принципи за успешна комуникација?

Основни **услови за успешна комуникација на наставничкиот колектив** е да личноста на која и се обраќаме добро ги разбира нашите

пораки и намери и да ги прифати со учество во процесот на комуницирање. Најважни три **правила на успешна комуникација** се :

- да говориме така да оној на кој се обраќаме не слуша и разбира –
- да слушаме други за да ги разбереме и
- да избегнуваме однесувања кои ни сметаат за успешна комуникација.

**На успешната комуникација и пречи :**

1. ако мислиме на она што сакаме да му кажеме додека нашиот соговорник говори, наместо на него да се концентрираме ,
2. кога го прекинуваме соговорникот ,
3. пробуваме да претпоставиме што соговорникот сака да ни каже,
4. даваме совети или бараме решение за нашиот соговорник,
5. го потценуваме предметот на расправата ,
6. читаме или пишуваме додека некој ни говори или ни се обраќа,
7. ги сокриваме двостраните чувства.

**Принципи на успешна комуникација:**

- покажуваме дека не интересира соговорникот и пробуваме подобро да го разбереме
- да дозволиме другата личност да говори и внимателно да ја слушаме
- да говориме за работи кои ги интересираат и другите индивидуи
- да бидеме внимателни со критиките
- внимателно да ги искажуваме своите барања,
- признавање на сопствени грешки

- фалење на она што е вредно за фалење
- обид за замислување себеси во улога на друга личност
- избегнување на расправија и противење
- не штеди насмевки.

Без успешна комуникација нема добри меѓучовечки оноси, а ни соработка или кооперација во работниот колектив.[5]

## 3. Вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците

Во овој дел од трудот прво теоретски ќе се осврнеме на вреднувањето на работата на наставниците, додека потоа ќе биде направена анализа согласно законските одредби и прописи во македонското законодавство.

Трповски (2007) наведува неколку начини за евалуцијата за работата на наставниците[6]:

- Самооценување- Наставникот мора константно да го следи текот на предавањето и да реагира на промените на однесувањето кај учениците, нивната заинтересираност, губење внимание и концентрација, разбирање на материјата што наставникот ја предава и сл. (предноста на

[5] Jankovic, P. (2006) Savremena razredna nastava, Pedagoski fakultet, Sombor, str.49-62

[6] Trpovski, Ž. (2007). *Iskustva sa evaluacijom nastave na FTN u Novom Sadu.* Kopaonik: XIII skup "Trendovi razvoja: Akreditacija bolonjskih studija".

самооценувањето е можноста наставникот моментално да реагира на сопствените грешки и да се врши корекција за време на процесот на следење и процесот на подучување, главен недостаток е високиот степен на субјективност, па така се поставува прашање дали субјектот може да биде во исто време ообјект – предмет на разгледување).

- Снимање на текот на наставата- Во денешно време опремата за снимање воопшто не е скапа и наставникот може да го сними предавањето и дополнително да го прегледа за да види и утврди дали сѐ поминало онака како што тој замислил и припремил (предност на оваа техника е објективниот увид во текот на предавањата ,а недостатокот влијае на самата свест на ученикот и наставникот да се под будно око на камери)
- Собирање мислења на ученици- Еден од најважните начини за евалуација на работата на наставникот, има две основни варијанти, анкета и разговор- инервју. (предноста е анонимното пополнување на анкети, недостаток: можно е да учениците бидат условувани да даваат позитивни одговри)
- Увид на резултатите од испит и остварено проаѓање (предност: оценувањето на учениците е независно до екстерната евалуација, недостаток: неможна поврзаност помеѓу оценката на учениците и квалитетот) и
- Ангажирање на независно оценувачи (предност: голема сигурност и можност за добивање повеќе повратни информации, недостаток: оценувачите не можат да го

согледаат предавањето во очи на оние (ученици) на кои се наменети и не може да присуствуваат на сите предавања на дадениот наставник ).

Наведениот автор ја зема во обзир и проценката на наставниот ангажман само во текот на предавањата, а занемарува уште некои аспекти кои може да ја потполнат неговата слика.

Во склоп со евалуација на работата на наставникот, во обзир се земаат и следните извори на податоци:[7]

- надгледување на час од страна на директор и постари работни колеги
- надгледување од страна на надзорник или други стручни лица надвор од училиште
- постигнување на ученикот (се смета со најобјективна мерка)
- процена на работата на наставникот од страна на неговите колеги
- самоевалуација на наставникот.

Постојат сознанија дека во поголемите основни училишта, вообичаено се користат првите три начини на евалуација, додека последните две редовно се занемаруваат. Визек Видович и соработниците наведуваат два аспекти[8]:

- вонннаставни стручни работи на наставникот (водење и предавање на стручни прилики, подготовкање на приредби и натпреварувања...)

[7] Džumhur, Ž. i Petrović, L. (2004). *Matematika: VIII razred: standardi postignuća: eksterno ocjenjivanje ućeničkih postignuća o osnovnoj školi.* Sarajevo: Agencija za standarde i ocjenjivanje u obrazovanju za Federaciju Bosne i Hercegovine i Republiku Srpsku.

[8] Vizek-Vidović, V., Vlahović-Štetić, V., Rijavec, M. , Miljković, D. (2003). *Psihologija obrazovanja*. Zagreb: IEP-VERN.

- негово стручно усовршување (на пр. следење на современа стручна литература).

Враќајќи се на првиот аспект може да се утврди дека авторитетот обично го разделуваат на неколку компоненти, кои служат како груба појдовна основа за креирање на соодветни инструментариуми. Слатина[9] предлага форма на прашалник за самоевалуација, која ги опфаќа следните области:

- предавања,
- планирање,
- толкување на материјалот и упатства на учениците,
- техники на учење,
- соодветноста на способност за предавања на учениците,
- следење на работата на студентот,
- проценка,
- професионално знаење на предметот и во комуникацијата со учениците.

Сè почесто се применува дихтономна форма (позитивен пол се однесува на искажано задоволство дадено со аспект на сопствено подучување, негативен на заклучок како наставникот би можел да размислува за одредена одредница на своето подучување). Како што е дојдено до сознанија од истражувањето на Слатина, од содржината на понудените одговори на секое прашање (т.е. содржина на позитивен и негативен пол), се пристапува на многу внимателен начин. Со други зборови „негативната опција“ е претставена како волја на наставникот за преиспитување и подобрување на својот образовен

---

[9] Slatina, M. (1998). *Nastavni metod*. Sarajevo: Filozofski fakultet.

ангажман (со што на некој начин е истакната мотивациската функција на овој одговор).

Слатина[10] нуди мрежа за проценка на наставните знаења, која претставува скала за процена со пет степена (од извонредно до незадоволувачки) и во која користи екстерни проценувачи. Чести примери се: *„Наставната работа е примарна потреба на ученикот“ „Наставникот следи како ученикот ја совладува наставничката содржина“*

Автори, чии стручни ангажмани се поврзани со Балканското поднебје, Роквиќ и Рибиќ ја развиле *Скалата за евалуција на наставниот час*, која се состои од шест делови:[11]

а) општи податоци за наставникот, предметот и моделот на наставата

б) планирање, програмирање и подготовка на наставата (дали наставата се подготвува за секој час поединечно, само за одредени часови, дали се користат стари подготовки или воопшто нема подготовка за настава)

в) дидактичко-методички темели на наставниот час (дали наставникот извршил когнитивна, афективна, конативна и моторичка подготовка на ученикот)

г) положба на ученикот во наставниот процес (на пр. интеракција во пар, во мала група, со наставникот или недостаток на интеграција)

д) стил на работа на наставникот – (на пр. наставникот создава кооперативни, компетитивни и индивидуалистички ситуации за учење)

---

10 Slatina, M. (1998). *Nastavni metod*. Sarajevo: Filozofski fakultet., стр.302

11 Rokvić, S. i Ribić, N. (2004). Skaler za evaluaciju nastavnog časa. *Obrazovna tehnologija, 4*, 40-44.

ѓ) повторување и препораки - предлози за понатамошна работа (оваа ставка е од отворен тип, а одговорот го дава евалуаторот на крајот на опсервацијата).

Постои бројна литература во која авторите се занимаваат со евалуација на работа на универзитетските професори и го одвојуваат од евалуација на наставникот во основни и средни училишта. Така Копас-Вукашиновиќ и Анџелковиќ[12] говорат за дидактичко – методичка и педагошка компетентост на универзитетските професори. Калин[13] истакнува како е предрасуда мислењето дека владеењето со струката е солидно доволен услов за успешно водење на настава на училиште.

Сузиќ[14] на примерокот од 607 наставници и ученици (идни наставници) во 25 основни и средни училишта во Босна и Херцеговина спровел истражување за наставничка самоефикасност. Во анализата на користениот прашалник се издвоени четири латентни варијабли:

- предавачки способности, неговите способности да го мотивираат ученикот и организирање на нивната работа во одделение
- воспоствување дисциплина
- вклучување на најслабите ученици во целокупната активност која се одвива во училница,
- кооперативност на наставникот кон колегите и родителите.

---

[12] Kopas-Vukašinović, E. i Anđelković, S. (2006). Kvalitet rada univerzitetskih profesora. *Pedagogija*, *63*, 349-358.
[13] Kalin, B. (2004). O nastavnićkoj kompetenciji sveućilišnih nastavnika. *Metodićki obzori, 11*, 43-62.
[14] Suzic, N. (2008). Efikasnost nastavnika. *Nastava i vaspitanje*, 3, 377-394.

Овие издвоени димензии може да бидат почеток за дефинирање на клучните области на самоевалуција на наставникот, а се користат за изградба на мерките за само-опис во наведената област.

Во продолжение следи осврт на македонските закони во насока на вреднувањето на работата на наставниците. Па оттука, согласно член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просветна инспекција (Службен весник на РМ број 51/2011 година) се врши вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците од страна на државни просветни инспектори при Државниот просветен инспекторат.

Просветните инспектори изготвуваат формулари кои треба да ги пополнат од извршеното вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основните училишта во Република Македонија. При спроведувањето на вреднувањето тие ги разгледуваат следните аспекти на работење[15]:

- Анализа на формуларите од посета на наставните часови од државните просветни инспектори, директорот и стручната служба
- Анализа на глобалните и тематски планирања на наставниците во текот на една учебна година, односно на годишно ниво

[15] Министерство за образование и наука, (2013) Извештај од извршеното вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници во ООУ, Влада на Република Македонија

- Анализа на програмите за работа за дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности, слободни часови на училиштето, проектни активности и сл.
- Анализа на подготовките на наставниците на дневно ниво
- Анализа на одделенските, како и дневниците за работа на паралелките
- Анализа на педагошките картони на наставниците
- Анализа на дневниците за работа на стручните соработници
- Преглед на сертификати за посета на семинари и обуки на наставниците
- Преглед на дипломи и пофалници од освоени натпревари и учества на натпревари на ученици каде наставникот се јавил во улога на ментор
- Анализа на записници од родителски средби.

Покрај наведеното, просветните инспектои вршат преглед и анализа на сè што е предвидено во Упатството за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основните училишта во Република Македонија.

Со цел за правилно вреднување на работните должности на наставниците, до менаџментот и наставничкиот кадар на основните училишта се доставува Упатството кое ќе биде применето при вршење на интегрална евалуација од страна на државниот просветен инспекторат, со цел тие да се запознаат со постапката на вреднување. Интегралната евалуација се смета за корисна алатка со која се постигнува подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во образовните установи со примена на стандардизирани процедури во областите на квалитетот на учењето и на наставата, училишното планирање, училишното управување, наставните планови и програми,

поддршката на учениците и развојот на ресурсите во училиштата и на соработката со родителите. Притоа, тоа опфаќа и организација и реализација на наставата, условите и културата во образовните установи, комуникации и односи со јавност, соработка со родителите и средината и сл.

Во инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование се опфатени[16]:

- Планирање и подготовка за настава каде се вреднува дали постои планирање и какво е, делумно или целосно.
- Реализација на наставата се вреднува така што се оценува дали редовно или повремено се користат разновидни приоди во наставата, дали се реализита во комбинирана паралелка, дали се вклучени ученици со посебни образовни потреби.
- Водење на педагошка евиденција и документација се вреднува така што се оценува дали постои уредно или неуредно водење или водење со извесни пропусти.
- Изработка на наставни средства и дидактички помагала каде се вреднува дали наставникот навремено изработува или воопшто не изработува.

---

[16] Адаптирано според: Државен просветен инспекторат, Упатство за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставницисе и стручните соработници во основното и средното образование, Министерство за образование и наука, Скопје, стр.4-6

- Планирање и реализирање на дополнителна настава се вреднува така што се согледува дали наставникот не планира и не реализира, делумно планира и реализира или планира и реализира.
- Оценување на учениците се вреднува со анализа на тоа дали наставникот континуирано, неконтинуирано или повремено оценува со примена на стандарди.
- Спроведување на интерни проверки/тестирања се вреднува со проверка на тоа дали се спроведуваат интерни проверки, дали се спроведуваат до четири теста или повеќе од четири теста.
- Планирање и организирање средби со родителите се вреднува со проверка на тоа дали наставникот планира и не организира средби со родителите, планира и реализира четири средби или планира и реализира повеќе од четири средби.

Како други воспитно образовни должности кои ги имаат наставниците и се вреднуваат од страна на просветните работници се следните[17]:

- Стекнати сертификати од стручно усовршување, семинари, курсеви и симпозиуми за изминати три години од овластени институции каде се вреднува дали наставникот има сертификати и колку, односно до три или повеќе од три.

[17] Државен просветен инспекторат, Упатство за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставницисе и стручните соработници во основното и средното образование, Министерство за образование и наука, Скопје, стр.7-8

- Се вреднува дали наставникот е автор или коавтор на учебници, стручна литература и други написи во стручни списанија.
- Се вреднува дали наставникот учествува, не учествува или повремено учествува во проекти како надворешен соработник од Министерството за образование и наука или институции поврзани со образование.
- Освоени награди од натпревари, наградни конкурси во текот на три наставни години при што се вреднува дали наставникот има учество на училишни натпревари и наградни конкурси и дали има освоено награди, дали има учество или освоени награди на општински, регионални, државни или меѓународни натпревари.
- Учество и реализација на проекти со учениците каде се вреднува дали наставникот не учествува и не реализира проекти со ученици, дали повремено или постојано учествува и реализира проекти со ученици.
- Планирање, организирање и реализација на воннаставни и слободни активности каде се вреднува дали не планира и не реализира, дали повремено планира и реализира и дали планира и реализира.
- Учество во уредување на кабинети, фискултурни сали, игралишта и слично при што се вреднува дали наставникот не учествува, учествува или повремено учествува.

Исто така при вреднувањето на извршувањето на работните должности од страна на наставниците се зема предвид и дали наставникот досега има изречени дисциплински мерки или изречени опомени во кој случај му се одземаат поени.

Сите овие сегменти носат одреден број на поени, така што на крај може да се направи целина од квалитетот на работење на секој наставник посебно, како и на целото училиште со вреднување на сите наставници.

## 3.1. Анализа на Инструментот за вреднување на исполнувањето на должностите на наставниците во основното образование

Согласно Законот за просветната инспекција, како и Правилникот за начинот на постапката за извршување на инспекциски надзор на просветната инспекција изработено е упатство кое што има цел да ги регулира правилата за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и на стручните соработници, како во основното, така и во средното образование.

Инструментот е концептиран од три засебни категории, односно:

- Настава
- Други воспитно образовни должности, и
- Опомени и дисциплински мерки

Првиот дел *Настава* се состои од следните категории:

- *Планирањето на наставата и подготовките за нејзиното реализирање* се здолжителна обврска на наставниците. Потребно е тие да ги планираат не само своите активности (начинот на поучување) туку и планирањето на активностите на учениците и подготовките за нивно успешно изведување. Во планирањата се вклучени: годишно и тематско планирање и дневна подготовка за

секој наставен час како и избирање на наставни средства. Планирање и подготовка на наставата каде во доменот дека наставникот не планира се добиваат 0 поени, за делумно планирање 4 поени и за целосно планирање 8 поени. Сето ова јасно посочува дека наставниците кои посветуваат поголемо внимание на планирањето на наставата добиваат најмногу поени.

- При посета на часовите се надгледува начинот на кој наставниците го реализираат часот, односно со каков вид на форми и методи се користат, примена на ИКТ во наставата. Како особено важен елемент се смета дали наставникот работи во паралелка во која сите ученици се на иста возраст или комбинирана паралелка. *Реализацијата на наставата* се вреднува преку редовната примена на разновидни приоди во наставата од страна на наставниците што се бодува со 10 поени; повремената примена на разновидните приоди во наставата се бодува со 5 поени; наставниците кои не користат современи разновидни приоди во наставата добиваат 0 поени; оние наставници кои реализираат настава во комбинирани паралелки се вреднуваат со 3 поеини и реализацијата на настава во паралелки во кои се вклучени ученици со посебни образовни потреби, односно со инклузија се бодуваат со 5 поени.
- *Водењето на педагошката евиденција и документација* се вреднува на следниот начин: наставниците кои уредно ја водат споменатата документација се бодуваат со 6 поени, наставниците кои водат евиденција со извесни пропусти се бодуваат со 3 поени и оние наставници кои имаат неуредно водење не добиваат поени. Во

педагошка документација се сврстуваат: главна книга на учениците, ученичка легитимација, свидетелство и преведница. Под евиденција спаѓаат евидентните листови за успех на учениците, зписници од одржани испити, како и други планирања на наставникот.

- Како задолжителен дел од работата на наставниците е изработката на наставни средства, но и вршењето на подготовка на дидактички помагала за својот наставен предмет кој претставува предуслов за успешна реализација на наставата. *Изработката на наставни средства и дидактички помагала* се вреднува на следниот начин: наставниците кои не изработуваат наставни средства и дидактички помагала не добиваат поени, оние наставници кои повремено изработуваат добиваат 3 поени и наставниците кои изработуваат добиваат по 6 поени.
- *Планира и реализира дополнителна настава* – наставниците кои планираат и реализираат настава се вреднуваат со 6 поени, наставниците кои делумно планираат и реализираат дополнителна настава добиваат 3 поени и наставниците кои ниту планираат, ниту реализираат дополнителна настава воопшто не добиваат поени во ова категорија на вреднување. Наставниците се должни да реализираат дополнителна настава во текот на учебната година за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната материја. Содржината на дополнителната настава и начинот на спроведување на истата се во звисност од ученикот, па поради тоа потребно е да се применуваат индивидуални форми и тимска работа.

- *Оценувањето на учениците* од страна на наставниците е вреднувано на следниот начин: наставниците кои неконтинуирано оценуваат и не применуваат стандарди воопшто не добиваат поени, наставниците кои повремено оценуваат со примена на стандарди добиваат 4 поени и наставниците кои континуирано оценуваат со примена на стандарди добиваат 8 поени. Согласно законските одредби, оценувањето на постигнувањата на учениците треба да биде во континуитет, односно континуираноста во оценувањето се постигнува така што учениците треба да имаат оцени во одделенските дневници по сите наставни предмети кои се предвидени во наставниот план согласно тримесечјата, како и на крајот од првото полугодие и крајот на учебната година.
- *Спроведување на интерни проверки* (тестирања) се вреднува на следниот начин: наставниците кои спроведуваат повеќе од четири тестирања се вреднуваат со 6 поени, наставниците кои спроведуваат до четири тестирања се вреднуваат со 3 поени и наставниците кои воопшто не спроведуваат интерни проверки добиваат 0 поени. Според тоа може да се заклучи дека највисоко вреднувани се оние наставници кои почесто прават проверка на знаењето на учениците. Процесот на следење, проверување, поттикнување и оценување на развојот и напредокот на учениците во воспитно- образовниот процес се користат методи, постапки и техники во согласност со совладаниот наставен материјал. Согласно тоа, покрај усната проверка, писмените работи, есејските задачи, практичното спроведување и

набљудување, учениците се проверуваат и преку интерни стандардизирани тестови.

- *Планирање и организирање средби со родителите* – Наставниците кои не планираат и не организираат средби со родителите не добиваат поени, оние кои планираат и реализираат четири средби се вреднуваат со 4 поени и наставниците кои реализираат повеќе од 4 средби се вреднуваат со 8 поени. Оттука може да се констатира дека средбите со родителите се сметаат од големо значење за успехот кој го постигнуваат учениците и поради тоа пожелно е да се реализираат повеќе од 4 родителски средби. Соработката со родителите на учениците треба да биде по иницијатива на наставникот со цел родителите активно да се вклучат во работата на училиштето. Сето тоа може да се постигне кога родителите ќе бидат редовно информирани за своето дете, а истовремено и тие да бидат вклучени со помагање, односно постигнување на поголема успешност. Па токму поради тоа, наставникот е должен да соработува во интерес на унапредување на целиот воспитно-образовен процес.

Вториот дел од Инструментот за вреднување на работата на наставниците *Други воспитно образовни должности* е концептиран во седум подкатегории на вреднување.

- Стекнати сертификати од стручно усовршување, семинари, курсеви и симпозиуми за изминатите три години од овластени институции, односно наставниците кои немаат сертификати не добиваат поени, наставниците кои имаат до три сертификати се

вреднуваат со 4 поени и наставниците кои имаат повеќе од три сертификати се вреднуваат со 8 поени. Како еден од условите за успешно извршување на улогите на наставникот е неговтото стручно оспособување кое се стекнува со базичното образование, а се надградува во целиот работен век.

- Автори или коавтор на учебници, стручна литература и други написи во стручни списанија – Наставниците кои се автори на учебници се вреднуваат со 5 поени, наставниците кои се јавуваат како коавтори на учебници се вреднуваат со 4 поени, наставниците кои се автори на стручна литература се вреднуваат со 3 поени и наставниците кои се автори на написи во стручни списанија се вреднуваат со 2 поени. Зависно од своите способности, наставникот може да биде автор или коавтор на учебник, автор на стручна литература или стручни написи во стручни списанија кои се од областа на образованието и се придонесува кон развој на воспитно-образовниот процес.
- Учесник во проекти како надворешен соработник од Министерство за образование и наука или институции поврзани со образование – Наставниците кои учествуваат во проекти се вреднуваат со 4 поени, наставниците кои завземаат повремено учество во проекти се вреднуваат со 2 поени и наставниците кои не учествуваат во проекти добиваат 0 поени. Наставниците кои поседуваат знаење и способности за одредени сегменти од областа на образованието можат да бидат членови на некои органи, тела или комисии во

хонорарна работа определа од страна на Министерството за образование.

- Освоени награди од натпревари, наградни конкурси во текот на три наставни години, односно, наставниците кои имаат учество во училишни натпревари и наградни конкурси се вреднуваат со 1 поен, освоени награди од училишни натпревари се вреднуваат со 2 поени, учество на општински натпревари се вреднува со 1 поен, освоени награди од општински натпревари се вреднува со 2 поени, учество на регионални натпревари се вреднува со 1 поен, освоени награди на регионални натпревари се вреднува со 2 поени, учество на државни натпревари се вреднува со 2 поени, освоени награди од државни натпревари се вреднува со 3 поени, учество на меѓународни натпревари се вреднува со 2 поени и освоени награди на меѓународни натпревари се вреднува со 5 поени. Наставниците во текот на своето работење имаат должност со своите ученици да учествуваат на натпревари, односно, тие имаат задача да ги поттикнуваат и интензивно да ги подготвуваат учениците за учество во натпревари. Натпреварите имаат влијание на учениците во однос на развој на натпреварувачкиот дух, другарството, но и продлабочување и збогатување на звоите знаења.
- Учество и реализација на проекти со учениците, односно наставниците кои не учествуваат и не реализираат проекти со учениците не добиваат поени, оние наставници кои повремено учествуваат и реализираат проекти со ученици добиваат 3 поени и

наставниците кои имаат учество и реализација на проекти со ученици се вреднуваат со 6 поени. Со цел да се продлабочат знаењата на учениците и да се оспособат за истражувачка и самостојна работа, наставниците се должни согласно Законот да спроведуваат проекти со ученици. Се смета дека учењето преку проекти и самостојното истражување се еден од клучните фактори на учењето преку кои учениците индивидуално или во групи применуваат материјали и независно од наставникот наоѓаат податоци кои се потребни за решавање на одреден проблем.

- Планирање, организирање и реализација на воннаставни и слободни активности – Наставниците кои не планираат и не реализираат воннаставни и слободни активности добиваат 0 поени, наставниците кои повремено планираат и реализираат се вреднуваат со 2 поени и наставниците кои планираат и реализираат со 4 поени. Покрај реализацијата и изведбата на наставата, наставниците треба да организираат културни, спортски и други општо корисни и хумани акции во кои активно учество звземаат учениците.
- Учеството во уредување на кабинети, фискултурни сали, игралишта и друго – наставниците кои не учествуваат не добиваат поени, наставниците кои повремено учествуваат се вреднуваат со 2 поени и наставниците кои завземаат учество во споменатите активности се вреднуваат со 4 поени. За успешна изведба на воспитно-образовниот процес, наставниците се должни со учениците да учествуваат во уредување на кабинетот по својот

предмет, да организираат вежбални, игралишта и сл. Во сите овие активности, наставникот не само што е одговорен, туку тој и ги организира учениците на кој начин да работат.

Во последната категорија Опомени и дисциплински мерки во предвид се земени следните сегменти: на наставниците кои имаат изречена дисциплинска мерка им се одземаат 10 поени од претходно вреднуваните, наставниците на кои им е изречена опомена им се одземаат 5 поени и наставниците кои немаат изречено дисциплинска мерка или опомена 0 поени, односно не им се одземаат поени. Во работата на училиштата има случаи кога кон некои наставници се поднесуваат претставки и жалби. Поголемиот дел од нив се однесуваат за несоодветно однесување на наставниците кон ученици, родители и слично, како и за начинот на нивното работење.

## 4. Државен просветен инспекторат

Согласно член 3 од Законот за просветна инспекција , Државниот просветен инспекторат има својство на правно лице, сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос. Државниот просветен инспекторат се организира согласно неговите надлежности и согласно законот и другите прописи со подрачни организациони облици, според мрежата на училиштата и јазикот на кој се изведува наставата. Вршењето на просветен инспекциски надзор подразбира надзор на квалитетот на образованието и ефективноста која се оценува преку евалуација на работата на основните и средните училишта, како и вршење надзор над примената на законските регулативи и други прописи од областа на образованието. Просветниот инспекциски надзор се врши во: основните, средните училишта, детските градинки, установите за образование на возрасните, установите за образование и оспособување на ученици со посебни потреби.

Во член 9 од Законот, државниот просветен инспекторат има овластувања да врши надзор над:

1) постоење услови за вршење на дејноста во воспитно-образовните, високо-образовните и научните установи, ученичките и студентските домови;

2) остварување на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;

3) посебните услови за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи;

4) стручното и педагошкото усовршување на наставници, стручни соработници и воспитувачи и полагањето на стручен испит;

5) употребата на учебници во основните и средните училишта;

6) постапката за избор во наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања;

7) управување и раководење со воспитно-образовните установи за средно образование основани од државата и приватните средни училишта;

8) реализацијата на наставните планови и програми, и другите пропишани стандарди и нормативи со кои се уредува воспитно- образовната дејност;

9) реализација на вон-наставните активности;

10) реализацијата на експерименталните програми во воспитно-образовните установи;

11) спроведувањето на конкурсот за запишување на учениците и на конкурсот за сместување на учениците во ученичките и студентските домови;

12) водењето на педагошката евиденција и документација, како и нивно издавање и употреба во предучилишното, основното, средното и високото образование и ученичките и студентските домови;

13) водењето на педагошката евиденција и документација во електронска форма и водење на е- дневник врз неделна основа во основното и средното образование;

14) примена на нормативите за бројот на потребните наставници и соработници и за големината на групата на редовни ученици во високо-образовните установи;

15) постапката за донесување на студиските програми во високото образование;

16) следење на воспитно-образовниот процес за време на штрајк во предучилишното, основното и средното образование;

17) контрола на средствата стекнати од сопствени извори во установите за средно образование основани од државата и

18) примена на законската регулатива во високо- образовните и научните установи.

Понатаму, значајно е да ги спомeнеме овластувањата и одговорностите кои ги има еден просветен инспектор наведени во член 28 од Законот за просветна инспекција. Поконкретно тука се наведени:

1) Вршење на надзор на квалитетот на воспитно-образовната работа по пат на евалуација

2) Остварување увид во извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во државните и приватни воспитно-образовни установи, како и во ученичките и студентски домови, високообразовните и научните установи и да бараат податоци за тоа

3) Инспекторите треба да укажуваат на извршувањето на законите и на другите прописи. Поконкретно, треба да ги отстрануваат констатираните недостатоци кои се произлезени од примената на незаконски мерки или од повредата на законот и други прописи од државните и приватни воспитно-образовни установи и др.

4) Инпекторот има право да спречи спроведување на незаконски мерки, дејствија, работи и постапки во државните и приватните воспитно-образовни установи, ученичките и студентските домови, високообразовните и научните установи

5) Да даде предлог за поведување постапка за поништување на испити при чие спроведување се повредени прописите и поништување на свидетелства, дипломи и други јавни исправи добиени од тие испити

6) Да даде предлог за поведување постапка за поништување на свидетелства, уверенија и дипломи издадени од воспитно-образовните установи кои немаат дозвола за работа

7) Да издава привремена забрана за користење (односно) употреба на оспоруваните свидетелства, уверенија и дипломи се до донесувањето на конечна одлука за нивна валидност

8) Инспекторот може да предлага поведување на дисциплинска постапка против вработените во државните и приватните воспитнообразовни установи, ученичките и студентските домови, високообразовните и научните установи

9) Да дава предлози за отстранување од работното место во случаите утврдени со овој закон

10) Давање предлози за поништување на оценка и определување на повторна проверка на знаењето и оценувањето на учениците

11) Испекторот треба да му даде известување на основачот на воспитно-образовната институција за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот или здравјето на децата, учениците, учениците и на вработените во воспитно-образовниот процес.

Овластените инспектори при нивното извршување надзор се овластени да направат увид во извршувањето на законите и другите прописи, да укажат на извршување на истите, како и да спречуваат спроведување на незаконски мерки, дејствија, работи и постапки во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје. Исто така тие имаат овластувања и во однос на давањето предлози за поведување на

дисциплинска постапка против одредени вработени во воспитно-образовните установи, да предлагаат отстранување на вработени и да го известуваат советот на општината за наодите и извршениот инспекциски надзор за случаите кога постои потреба за отстранување на повреди од таков карактер кои не може да бидат одложени и го загрозуваат животот или здравјето на децата, учениците, учениците на училишниот кадар.

Накратко, просветните инспектори претставуваат менаџери на целиот процес на вреднување на работните должности на наставниците, тие ги насочуваат како треба да работат, им даваат предлози, па дури некогаш и ги укоруваат и отстрануваат од работното место доколку не ги извршуваат соодвето своите обврски.

### 4.1. Надлежности на Државниот просветен инспекторат

Државниот просветен инспекторат врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедувањето квалитет на образованието, ефективноста преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи како и, примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.

Државниот просветен инспекторат врши инспекциски надзор во:

- Основни училишта,
- Средни училишта;
- Високо – образовни установи и научни институти,
- Ученички и студентски домови,
- Детски градинки, во делот на образованието;
- Отворени граѓански универзитети за доживотно учење,
- Установи за образование на возрасни,
- Установи за образование и оспособување ученици со посебни образовни потреби и,
- Други инситутиции од областа на образованието.

Државните просветни инспектори инспекциските надзори ќе ги вршат како[18]:

- **Редовен надзор** – надзор согласно планираните активности на Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат,
- **Вонреден надзор** – врз основа на иницијатива од страна на ученици, студенти, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовна установа и од други граѓани,
- **Контролен надзор** – се изведува по истекот на рокот определен од инспекцијата за отстранување на недостатоците,
- **Интегрална евалуација** – организација и реализација на наставата, услови и култура на работа во воспитно-образовната установа, менаџмент, професионален развој на воспитно-образовниот кадар, раководен кадар во училиштето, клима односно меѓучовечки односи во училиштето, односи со јавноста, соработка со родители и средината во која делува...,
- **Контролен надзор по интегрална евалуација** – се врши 6 (шест) месеци од спроведената интегрална евалуација во основно/средно училиште по добивањето на Акциониот план од училиштето.

Државните просветни инспектори вршат инспекциски надзор на[19]:

---

[18] Министерство за образование и наука (2012) Годишна програма за работа на Државен просветен инспекторат за 2013 година, Скопје, стр.5-7

[19] Министерство за образование и наука (2012) Годишна програма за работа на Државен просветен инспекторат за 2013 година, Скопје, стр.5-7

- ❖ Постоење услови за вршење дејност во воспитно-образовната работа во основни, средни и високо-образовни установи,
- ❖ Остварување на воспитно-образовниот процес во основното и средното образование,
- ❖ Посебните услови за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи,
- ❖ Стручното и педагошкото усовршување на наставници, стручни соработници и воспитувачи и полагање на стручен испит,
- ❖ Употреба на информатичка технологија во воспитно-образовниот процес,
- ❖ Реализација на дополнителна и додатна настава,
- ❖ Интерактивност во наставниот процес,
- ❖ Употреба на учебници во основните и средните училишта,
- ❖ Постапка за избор во наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања,
- ❖ Управување и раководење со воспитно-образовни установи за основно и средно образование, основани од општините, јавни и приватни средни училишта,
- ❖ Реализација на наставните планови и програми и другите пропишани стандарди и нормативи со кои се уредува воспитно-образовната дејност,
- ❖ Реализација на вон-наставни активности;
- ❖ Реализација на експерименталните програми во воспитно-образовните установи,
- ❖ Спроведување Конкурс за запишување на учениците и студентите,

- Спроведување Конкурс за сместување на учениците и студентите во домови,
- Водење педагошка евиденција и документација, нивно издавање и употреба во предучилишно, основно, средно и високо образование и ученички и студентски домови,
- Примена на нормативите за број на потребни наставници и соработници,
- Следење на воспитно-образовниот процес за време на штрајк во предучилишно, основно и средно образование,
- Контрола на средствата стекнати од сопствени извори во установите за средно образование основани од државата.

По извршените надзори, Државните просветни инспектори за утврдените состојби изготвуваат документи и превземаат мерки и активности согласно Законот.

## 4.2. Вршење инспекциски надзор

Вршењето на инспекциски надзор е анализирано низ призма на редовен надзор на воспитно-образовните установи, вонреден надзор, контролен надзор, интегрална евалуација и контролен надзор по интегрална евалуација.

Државните просветни инспектори редовен инспекциски надзор ќе вршат согласно планираните активности во Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2013 година и по задолжение на надлежни органи согласно член 9 од Законот за просветна инспекција.[20]

Согласно Законот за просветна инспекција и другите закони од областа на образованието, Државниот просветен инспекторат во текот една учебна година (во Табелата подолу е земена за пример 2013 година) врши надзор во воспитно-образовните установи поврзани со актуелните теми, активностите во училиштата како што се:

[20] Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010 и 51/2011 година

| Активност | Носители | Временска рамка |
|---|---|---|
| Следење на работата на детските градинки | Раководител на одделение<br>Државен просветен инспектор | I / 2013 |
| Оценување и водење педагошка евиденција, реализација на наставни часови и денови, издавање јавни исправи во основните и средните училишта | Раководител на одделение<br>Државен просветен инспектор | II/2013 |
| Инспекциски надзор над успехот, поведението, изречените педагошки мерки | Раководител на одделение<br>Државен просветен инспектор | III/2013 |
| Условен паричен надомест | Раководител на одделение<br>Државен просветен инспектор | IV/2013 |
| Запишување деца во прво одделение за учебната 2013/2014 година | Раководител на одделение<br>Државен просветен инспектор | V/VI/2013 |
| Запишување ученици во прва година средно образование за учебната 2013/2014 | Раководител на одделение<br>Државен просветен инспектор | VI/2013 |

| | | |
|---|---|---|
| Инспекциски надзор над успехот, поведението, изречените педагошки мерки | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | VII/2013 |
| Број на завршени ученици во осмо одделение-основно образование во учебната 2013/2014 година | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | VIII / 2013 |
| Број на завршени ученици во четврта година-средно образование во учебната 2013/2014 година | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | VIII / 2013 |
| Постапка за избор и употреба на учебници за наредната учебна година 2013/2014 | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | IX / 2013 |
| Донесување Годишна програма за работа на воспитно-образовните институции | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | IX / 2013 |
| Изготвување распоред за додатна и дополнителна настава | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | IX / 2013 |
| Запишување деца во прво одделение за учебната 2013/2014 година | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | IX / 2013 |
| Запишување ученици во прва | Раководител на одделение | IX/ 2013 |

| | | |
|---|---|---|
| година средно образование за учебната 2013/2014 | Државен просветен инспектор | |
| Следење на работата на ученичките домови | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | X / 2013 |
| Следење на Конкурсот за упис на студенти во високо-образовните установи | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | X / 2013 |
| Условен паричен надомест | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | XI / 2013 |
| Следење на сместувањето на студентите во студентските домови, | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | XI / 2013 |
| Инспекциски надзор над успехот, поведението, изречените педагошки мерки | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | XII/2013, |
| Оценување и водење педагошка евиденција, реализација на наставни часови и денови, издавање јавни исправи во основните и средните училишта | Раководител на одделение Државен просветен инспектор | XII/ 2013, |
| Соодветност на наставен и друг кадар во воспитно- | Раководител на одделение Државен просветен | IX-XII/ 2013 |

| | | |
|---|---|---|
| образовните институции | инспектор | |
| Активна настава/интерактивно учење | Раководител на одделение<br>Државен просветен инспектор | I-XII / 2013 |
| Увид за проверка на водењето на електронски дневник | Раководител на одделение<br>Државен просветен инспектор | I-XII / 2013 |

## Вонреден надзор во воспитно-образовни институции

Државниот просветен инспекторат врши вонреден инспекциски надзор во основни, средни училишта и високо-образовни институции врз основа на доставени претставки, жалби, барања од страна на ученици, студенти, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовни установи и од други граѓани.

Постапката за овој вид надзор Државниот просветен инспекторат ја води согласно Законот за просветната инспекција[21], Правилникот за начинот и постапката за вршење инспекциски надзор на просветната инспекција[22], Законот за постапување по претставки и предлози[23], Законот за општата управна постапка[24] и други акти.

[21] Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008 и 148/2009, 57/2010, 51/2011 година

[22] Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/2006

[23] Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2008 година

[24] Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005, 110/2008, 51/2011 година

### Контролен надзор во воспитно-образовни институции

Државните просветни инспектори контролен надзор вршат по истекот на рокот определен од инспекцијата за отстранување на недостатоците.

Контролен инспекциски надзор се врши во воспитно-образовните установи по истекот на определениот рок на донесените мерки со решение.

Целта на овие надзори е да се констатира до кој степен се реализирани наредените мерки со решение.

### Интегрална евалуација во основни и средни училишта

Со цел, заедничко подобрување на квалитетот на образованието согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2013 година, Законот за просветна инспекција[25], Прирачникот за интегрална евалуација на училиштата и Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, Државниот просветен инспекторат во основните и средните училишта во текот на 2013 година ќе спроведе Интегрална евалуација.

Преку интегралната евалуација на училиштето, се врши надзор над квалитетот на образовниот процес и неговата ефективност во основните и средните училишта, установите за образование на возрасните и во установите

[25] Службен весник на Република Македонија“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010 и 52/2011

за образование и оспособување ученици со посебни образовни потреби како и, надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и согледување на самоевалуација и подготвената програма за развој на воспитно-образовната установа.

Интегралната евалуација е, клучниот процес во работата на Државниот просветен инспекторат преку кој се оценува квалитетот на образовниот процес преку евалуирање во **седумте подрачја**:

- наставни планови и програми,
- настава и учење,
- постигања на учениците,
- поддршка на учениците,
- училишна клима,
- ресурси и
- раководење и управување.

**Конечниот исход** од една интегралната евалуација е**, конечниот извештај,** изработен од страна на тим инспектори и доставен до училиштето што било предмет на Интегралната евалуација.

**Индикаторите за квалитет на работата на училиштата** се основа за вршење на **интегралната евалуација** и на **самоевалуацијата** која се спроведува во училиштата.

Како резултат на слабите страни кои се констатираат од спроведената интегрална евалауција во основните и средните училишта во Република Македонија, Државниот просветен инспекторат дава **препораки** до училиштата кои ќе овозможат донесување издржани одлуки за воведување новини и унапредување на образовниот систем. Раководството и училишните одбори во

училиштата ги следат дадените препораки и приоритети и врз основа на тоа, поставуваат многу пореални цели за развој на работата и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Во текот на една година во секое одделение на Државниот просветен инспекторат се формираат инспекциски тимови за вршење интегрална евалуација. Бројот на членовите на тимот за интегрална евалуација и бројот на инспекциските денови ќе зависи од големината и карактеристиките на училиштето. Распоредот на училиштата во кои се врши интегрална евалуација го определува Директорот на Државниот просветен инспекторат и во соработка на Раководителот на Сектор и Раководителите на одделенија имајќи го во предвид редоследот на досега извршените интегрални евалуации во основните и средните училишта.

Тимот инспектори со Раководител на тим, кои ја спроведуваат интегралната евалуација во основни училишта до 27 паралелки се состои од 3 или 4 инспектори, од 28-45 паралелки тимот се состои од 4-ца инспектори кои ја спроведуваат Интегралната евалуација и училишта над 46 или повеќе паралелки – 4 инспектори.

Во текот на една година вообичаено е планирано да се реализираат 120 интегрални евалуации во основните и средните училишта кадешто истата е извршена пред три и повеќе години.

## Контролен надзор по интегрална евалуација во основни и средни училишта

Државниот просветен инспекторат врши контролен инспекциски надзор по дадените препораки на извештајот од извршената интегрална евалуација шест месеци од доставување на акциониот план за отстранување на препораките изготвен и доставен од страна на училиштето.

Контролниот надзор го врши раководителот на тимот или одговорниот инспектор на надзорното подрачје со уште еден инспектор.

## 5. Евалуација на работата на наставниците

Во модерното образование прифатено е дека евалуацијата е составен дел на секоја активност која се стреми да го подобри ефектот и процесот на својата работа.

Вреднување на наставните програми, процес на настава/ учење , наставници, ученици/студенти, контекстот во кој процес се случува, тој стана систематска компонента за развој на модерната курикулума. Процесот на наставата не е доволен од евалуација на истите. Сепак истражувачите, теоретичарите, практичарите, под терминот евалуација подразбираат различни активности, како на пример:

- утврдување на постигнатото (Тајлер,1950),
- процес кој нуди информации за донесување на одредени одлуки (Кронбах,1963, Колеј и Бикел,1986)
- синоним за мерење (Кронбах,1963, Колеј и Бикел,1986),

- систематско собирање на податоци како би се подобрила наставничката работа, проценка на ефикасност (Браон,1995),
- компарирање на две наставни методи, програми, модели, партиципативна евалуација (Алдерсон и Скот,1992).

Што се однесува на самиот предмет на евалуација тоа може да бидат образовните институции, образовни модели, проекти, планови, програми, курикулуми, настава/учење (методи/облици на учење, средства, учебници, печатени материјали), наставници, ученици. Во табелата (види Табела 1) се наведени три евалутивни пристапи, односно: дијагностички, сумативни и формативни.[26]

**Табела 1.** Евалутивни пристапи на работа на наставникот

| | **Дијагностички пристап** | **Сумативен пристап** | **Формативе н пристап** |
|---|---|---|---|
| Функција | Утврдување на присуство или отсуство на потребните вештини.Утврдување на нивото од претходните достигнувања и резултати од работењето.Класификација на наставниците според различни карактеристики кои се избрани како релевантни за ефикасност. | Оценувањето на работата на наставниците на крајот на одреден образовен циклус со цел да се даде конечна проценка, со цел за пласман и правење на одредени професионални одлуки на училишната администрација. | Повратна информација на сите учесници на наставниот процес (и наставниците и учениците) за однесувањето и перформансите на наставниците во училница.<br>Препознавајќи ја ситуацијата и се лоцираат грешки во |

[26] Bjekic, D., Papic, Z., Dabić, R., Zlatić, L. (2008): Teachers' work motivation and readiness to innovation
(koautori: Bjekic, D., Papic, Z., Dabic, R.), Comparative Education, Teacher Training, Education Policy and Social Inclusion, 6(1), str. 52–58.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | наставата, така што тие може да предложат корективни алтернативни образовни техники. |
| Време | Да се утврди позицијата и потенцијалните наставници во почетокот на процесот на учење.<br>Во текот на наставата во ситуации манифестирани со тешкотии. | На крајот на наставната единица на семестар или годишна работа. | Во тек на настава,во различни ситуации – и успешни и неуспешни. |
| Нагласок во евалуацијата | Когнитивни и афективно карактеристики на работата на наставникот, во контекст на професионална изведба на наставникот, однесување. | Манифестира генерализирана когнитивни,<br>понекогаш<br>афективни<br>димензии. | Манифестира однесување во различни ситуации, секојдневни активности, сите објекти. |
| Техники и инструменти | Формативни и сумативни инструменти и техники на претходната (иницијална) проверка.<br>Стандардизирани прашалницизa проценки и протоколи, стандардизирани дијагностички тестови и други инструменти.<br>Мониторинг и набљудување листи. | Целокупни извештаи и листи за проверка (проверете листа). | Специјално дизајнирани за формативни инструменти, систематизирани<br>протоколи и техники на систематско набљудување, скали за оценување, итн ..<br>Правична застапеност на инструменти и техники за евалуација и самоевалуација. |
| Причини за евалуација | На специфичен модел на одредени однесување во минатото.<br>Примерок на измерени цели на наставата.<br>Пример на променливи аспекти на наставата кои се претпостаени или познато дека се поврзани со одреден тип на настава. | Одредени примероци од задачи кои се манифестираат со резултати на настава, хиерархиски средени и одредени образовни установи и активности кои ги реализираат наставниците. | Целите на примерокот од мерење и реалните резултати на наставата. Пример наставни ситуации и однесување на наставниците. |
| Начин на претставување на резултатите од | Нормативни и критериумски прикази.<br>Индивидуална профил на | Генерално и главно нормативно прикажување, во која се наведува вкупниот | Критериум мерење и прикажување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| евалуацијата | приказ на посебни вештини. | резултат или подскорови со цели или полиња на работа. | Индивидуален профил на хиерархиски регулирани според евалуирани |

Извор: Бјекиќ и Папич, 2005

Сите три пристапи се неопходни, Кронбах во 1964 година прв го вовел терминот „вреднување на резултатите и производот" и „вреднување на наставниот процес".[27] Овие значења се блиски на поимите формативна и сумативна евалуација. Се поприсутен правец на вреднување и усовршување на квалитетот на образованието на наставникот е модел кој во фокусот има самоевалуација на практичар. Станува збор за истражувања (Штукат 1957, Водхед 1979, Кемис 1993, Пешич 1998) во кој акцентот е ставен на следните функции:

- усовршување и именување на образовниот процес,
- разбирање на праксата низ процесот на менување
- проучување и разбирање на контексот во кој праксата се одвива,
- ангажирање на сите оние кои учествуваат во процесот на вреднување, менување и истражување на сопствената пракса.

Спроти бихевиористичкиот концепт на вреднувања кој се фокусира на конкретно уредено опкружување кое треба да предизвика одредно однесување, кое пред сè е јасно усмерено кон унапредување на дефинирани цели, егзистира социјално-активистичка концепција (интеракциона). Главно обележје на интеракциона концепција е интеракција меѓу учесниците и анализа

[27] Pešić, M. (1987): Vrednovanje predškolskih programa, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd.

на контекстот. Пирсон го поврзува „интелегентното познавање на вештина" со ситуација на разбирање кое е неопходно на наставникот за да се развие како рефлективен практичар и акционен истражувач.[28]

Одредени автори сметаат дека овој вид на евалуација влијае на објективното проценување, додека други автори (Елис 1998, Адерсон и Скот 1993, Блу и Гранди 1996) сметаат дека ваквата евалуација, евалуација „внатрешен систем" ја поттикнува мотивацијата, тимското работење како и рефлективниот став кон сопствената пракса (Петриќ 2004).

## 6. Работни должости на наставниците и нивното вреднување

Наставниците кои работат во доменот на основното образование имаат прецизно одредени работни должности кои се регулирани согласно Законот за основно образование и тие имаат обврска да ги обавуваат. Начинот на водење на наставата, квалитетот, организацијата, планирањето, оценувањето и другите активности се едни од клучните должности на наставниците.

Република Македонија со постојаното воведување на реформи во образованието, поставувајќи надлежност на Министерството за образование и наука, како и на државниот просветен инспекторат се стреми кон тоа да го подигне квалитетот на образовниот процес во државата.

[28] Eliot, Dž. (2006): Profesionalno obrazovanje nastavnika i razvijanje kompetencija: da li je moguć srećan brak? Pedagogija, br. 4, Forum pedagoga Srbije i Crne Gore, Beograd, str. 431–441.

Со таа цел е воведено следење на работата на наставниците, која не се следи само од страна на менаџментот на секое основно училиште засебно, туку и од стана на просветните инспектори кои повремено извршуваат инспекција во училиштата. Во таа насока, тие имаат извештаи со обврските на наставниците кои треба да се вреднуваат со конкретно одредени бодови, при што крајниот резултат се добива на крајот од извештајот.

Во изминатите неколку години инспекторите упаѓаат на часови и вршат контрола на работата на наставниците, поконкретно со контролите се пристапи од месец октомври 2012 година. Овие контроли се воведоа откако од страна на Бирото за развој на образованието беше спроведено истражување со кое се дојде до сознание дека една третина од наставниците во основното образование предаваат традиционално и фронтално, додека учениците само слушаат и не се активни на часот. Во современото образование секој наставник мора да има дневна подготовка, да применува интерактивни техники за време на часот, како и да применува компјутер во наставата. Сето тоа од страна на просветните инспектори се следи и регистрира во претходно споменатите извештаи. Никогаш не се знае кој инспектор во кое училиште ќе оди бидејќи налогот им се доставува на истиот ден кога треба да се посети одредено училиште. Наставниците се избрани по случаен избор.

Ова е проблематика која се смета за интересна и сѐ уште нова за истражување, што воедно претставува и мој поттик за обработка на тематиката на овој магистерски труд.

# II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражувањето

*Предмет на ова истражување* е вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците од аспект на надлежностите на државниот просветен инспекторат. Проблемот е од деликатна природа и опфаќа поголема лепеза на појави кои се случуваат во рамките на основното образование, неговиот квалитет и ефикасност.

Со ова истражување се прави обид да се согледа реалната состојба во основните училишта во однос на исполнувањето на работните должности на наставниците, низ призма на искажаните ставови на наставниците и на државните просветни инспектори.

## 2. Цел и задачи на истражувањето

Основната цел на ова истражување е да се согледаат ставовите и мислењата на наставниците и на просветните инспектори во врска со вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на државниот просветен инспекторат.

Задачи на ова истражување се следните:

- Да се утврди дали има потреба од спроведување контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори во основното образование.
- Да се провери која би била најдобра временска рамка (временска динамика) за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори.
- Да се согледа дали наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат.
- Да се испита дали наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори.
- Да се испитаат ставовите на наставниците за начинот на кој што се спроведуваат контролите за вреднување на нивната работа од страна на просветните инспектори.
- Да се испита дали просветните инспектори организираат средби со наставниците чии часови се посетени, објснувајќи им ја целта на инспекцискиот надзор.
- Да се согледа дали со Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците.
- Да се испита дали наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од просветните инспектори.

- Да се согледа дали просветните инспектори се задоволни од досегашната практика на вршењето на инспекцискиот надзор за вреднувањето на исполнувањето на работните задачи на наставниците од основните училишта.
- Да се испита дали е доволен постојниот број на инспектори за успешно обавување на нивната законска надлежност за вреднување на работата на наставниците.
- Да се испита дали предвидените најмалку 20% од планираното време за вршење надзор во основните училишта е доволно за да се даде стручна оценка за наставата што ја посетувале.
- Да се согледа мислењето на просветните инспектори во врска со тоа дали има потреба да се прави измена во постојниот Павилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција.
- Да се испита мислењето на просветните инспектори за тоа дали има потреба за креирање посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта.

## 3. Хипотези

***Општа хипотеза:***

Општа хипотеза на ова истражување е дека, наставниците и државните просветни инспектори имаат позитивно мислење во врска со вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на просветните инспектори.

***Посебни хипотези:***

**1.** Постои потреба од спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори.

**2.** Најдобра временска рамка за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори се смета дека е доволно најмалку еднаш годишно да се изврши инспекциски надзор.

**3.** Наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат

**4.** Наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори.

**5.** Наставниците имаат позитивен став за начинот на којшто се спроведуваат контролите за вреднување на нивната работа од страна на просветните инспектори.

**6.** Просветните инспектори организираат средби со наставниците чии часови се посетени, објаснувајќи им ја целта на инспекцискиот надзор.

**7.** Наставниците сметаат дека со *Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование* не се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците.

**8.** Наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори.

**9.** Просветните инспектори се задоволни од досегашната практика на вршењето на инспекцискиот надзор за вреднувањето на исполнувањето на работните задачи на наставниците од основните училишта.

**10.** Просветните инспектори сметаат дека е недоволен постојниот број на инспектори за успешно обавување на нивната законска надлежност за вреднување на работата на наставниците.

**11.** Просветните инспектори сметаат дека е доволно да се користат најмалку 20% од планираното време за вршење надзор во основните училишта за да дадат стручна оценка за наставата што ја посетувале.

**12.** Просветните инспектори се на мислење дека нема потреба да се прави измена во постојниот *Павилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција*.

**13.** Просветните инспектори сметаат дека нема потреба за креирање посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта.

## 4. Варијабли на истражувањето

Независни варијабли

Независни варијабли во ова истражување се категориите на опфатени испитаници со истражувањето: просветни инспектори и наставници од основните училишта и нивното работно искуство и степенот на образование.

Зависни варијабли

Зависни варијабли во ова истражување се: ставови на државните просветни испектори за начинот и искуството на спроведување вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците, ставови на наставниците за начинот на водење на наставата и обавувањето на своите работни должности, како и нивните ставови за начинот на вреднување на исполнувањето на нивните должности од страна на просветните инспектори.

## 5. Методи, техники и инструменти на истражување

Во истражувањето применети се методи кои се применуваат во научно-истражувачките трудови. Поконкретно применет е дескриптивно-аналитичкиот метод.

Тргнувајќи од предметот на истражувањето, поставената цел, задачите и хипотезите, а со цел да се добијат релевантни податоци користени се следните *техники*:

- анкетирање и анализа на документација (*Павилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција,*
- *Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование).*

Анкетирањето како техника применето е за испитување на ставовите и мислењата на просветните инспектори и наставниците од основните училишта во врска со вреднувањето на работните задачи на наставниците од страна на Државниот просветен инспекторат. Како основни *инструменти* за прибирање на емпириските податоци во ова истражување користени се два вида анкетни листови (прашалници): анкетен лист за просветни инспектори и анкетен лист за наставници.

## 6. Примерок на истражувањето

Во истражувањето беа опфатени вкупено 142 испитаници, од кои:

- 102[29] наставници од основни училишта на територијата на град Скопје, и
- 40 просветни инспектори вработени во Државниот просветен инспекторат.

Преку спроведувањето на истражувањето, со примена на анкетни прашалници испитани се ставовите на наставниците за начинот на обавување на работните должности и нивните ставови во врска со вреднувањето на исполнувањето на нивните должности од страна на државниот просветен инспекторат, како и примена на прашалник за испитување на ставовите и мислењата на просветните инспектори.

[29] Поделени беа вкупно 120 анкетни прашалници, но дел од нив беа вратени празни.

### *Примерок на наставници*

Табела бр.1 – Структура на наставници по основни училишта

| Реден број | Основно училиште | Одделенски наставници | Предметни наставници | Вкупен број на наставници |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ОУ "Драга Стојановска" | 12 | 14 | 26 |
| 2 | ОУ "Димитар Поп Георгиев Беровски" | 15 | 11 | 26 |
| 3 | ОУ "Мирче Ацев" | 11 | 15 | 26 |
| 4 | ОУ "Братство Единство" | 11 | 13 | 24 |
| Вкупен број на анкетирани наставници | | 49 | 53 | 102 |

## 7. Статистичка обработка на податоци

Собраните податоци статистички се обработени заради изведување на заклучоци, во врска со поставените хипотези во ова истражување, при што користени се постапки на дескриптивната статистика, користејќи ги при тоа компјутерските програми MS Office Excel и SPSS.

## 8. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето беше спроведено на репрезентативен број од 142 испитаници, во текот на второто полугодие од учебната 2014/2015 година, во училишта на територијата на град Скопје и во рамките на Државниот просветен инспекторат. Истражувањето се спроведе во неколку последователни фази:

- диструбуција и пополнување на прашалниците;
- прибирање на податоци;
- анализа и групирање на податоците;
- компјутерска обработка на податоците;
- табелирање;
- графичко прикажување;
- статистичка обработка;
- анализа и интерпретација на добиените резултати од истражувањето.

# III. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И НИВНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

Добиените резултати од истражувањето се анализирани и интерпретирани посебно за секоја категорија од испитните субјекти. Најнапред се анализирани и интерпретирани добиените резултати од наставниот кадар, потоа резултатите добиени од спроведеното анкетирање на просветните инспектори.

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите на анкетирањето на наставниот кадар

Добиените податоци од анкетните листови за наставниците овде ќе бидат прикажани и анализирани според редоследот на прашањата што во нив се наведени. Општите податоци кои се однесуваат за професијата на наставниците – дали се одделенски или предметни наставници и нивното работно искуство се прикажани во делот методологија на истражувањето.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 24 | 49,0 | 31 | 58.5 |
| Делумно се согласувам | 19 | 38.8 | 18 | 34,0 |
| Не се согласувам | 6 | 12.2 | 4 | 7.5 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 1 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека постои потреба за спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори




Графикон 1 –Процент на одговори на наставниците за тоа, дали постои потреба за спроведување контроли на работата на наставниците од страна на просветните работници

Според податоците добиени од истражувањето, 49,0% од наставниците од одделенска настава се изјасниле дека се согласуваат дека постои потреба за спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните работници, 38.8% делумно се согласуваат и 12.2% не се согласуваат. Слични одговори на истото прашање се добиени од наставниците од предметна настава, односно 58.5% се согласуваат дека постои потреба за водење на контрола на работата на наставниците од страна на просветните работници, 34,0% делумно се согласуваат и 7.5% не се согласуваат. Од ова произлегува дека поголемиот дел од наставниците сметаат дека спроведувањето на контроли од страна на државниот просветен инспекторат е потребно и од него може да произлезат само бенефити за образовниот процес.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 29 | 59.2 | 26 | 49.1 |
| Делумно се согласувам | 17 | 34.7 | 19 | 35.8 |
| Не се согласувам | 3 | 6.1 | 8 | 15.1 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 2 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека е доволно најмалку еднаш годишно да се изврши инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори




Графикон 2 – Процент на одговори на наставниците за тоа, дали е доволно најмалку годишно да се изврши инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори

Според податоците добиени од истражувањето, 59,2% од наставниците од одделенска настава се изјасниле дека сметаат дека е доволно најмалку еднаш во текот на годината да биде извршен инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори, 34.7% делумно се согласуваат и 6.1% не се согласуваат. Слични одговори на истото прашање се добиени од наставниците од предметна настава, односно 49.1% се согласуваат дека е доволно најмалку еднаш во текот на годината да биде извршен инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори, 35,8% делумно се согласуваат и 15.1% не се согласуваат. Од ова произлегува дека поголемиот дел од наставниците сметаат дека е сосема доволно еднаш годишно да биде спроведена контрола од страна на просветниот инспекторат за да се воочи дали наставниците навремено и правилно ги извршуваат своите работни задачи.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 27 | 55.1 | 33 | 62.3 |
| Делумно се согласувам | 13 | 26.5 | 17 | 32.1 |
| Не се согласувам | 9 | 18.4 | 3 | 5.7 |
| Вкупно | 49 | 100 | 53 | 100 |

Табела 3 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека просветните инспектори организираат средби со наставниците чии часови се посетени, објаснувајќи им ја целта на инспекциски надзор




Графикон 3 – Процент на одговори на наставниците во однос на организирањето средби со наставниците чии часови се посетени

Според податоците добиени од истражувањето, 55% од наставниците од одделенска настава се изјасниле дека сметаат дека просветните инспектори организираат средби со наставниците чиишто часови ги посетуваат притоа објаснувајќи им ја целта на инспекцискиот надзор, 26.5% делумно се согласуваат и 18.4% не се согласуваат. Релативно слични одговори на истото прашање се добиени од наставниците од предметна настава, односно 62.3% се согласуваат дека е просветните инспектори при посетата на средбите со наставниците им ја објаснуваат целта на инспекцискиот надзор, 32.1% делумно се согласуваат и 5.7% не се согласуваат. Од ова произлегува дека поголемиот дел од наставниците се согласни дека просветните инспектори кои организираат средби со наставниците, односно ги посетуваат нивните часови при средбата им ја објаснуваат и целта за извршениот инспекциски надзор.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 20 | 40.8 | 19 | 35.8 |
| Делумно се согласувам | 23 | 46.9 | 27 | 50.9 |
| Не се согласувам | 6 | 12.2 | 7 | 13.2 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 4 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека со инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование не се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците




Графикон 4 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека со инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование не се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците

Според податоците добиени од истражувањето, 40,8% од наставниците од одделенска настава се изјасниле дека сметаат дека со инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование не се евидентираат сите здачи од делокругот на работата на наставниците, 46.9% делумно се согласуваат и 12.2% не се согласуваат. Во продолжение следат добиените резултати од наставниците од предметна настава, односно 35.8% дека со инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование не се евидентираат сите здачи од делокругот на работата на наставниците, 50,9% делумно се согласуваат и 13.2% не се согласуваат. Па оттука, може да се заклучи дека во најголем дел наставниците од одделенска и

предметна настава делумно се согласуваат дека со примена на инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците од основно образование не се врши евидентирање на сите задачи од дијапазонот на обврски на наставниците.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Еднаш годишно | 5 | 10.2 | 16 | 30.2 |
| На 2-3 месеци | 22 | 44.9 | 17 | 32.1 |
| Два пати годишно | 19 | 38.8 | 10 | 18.9 |
| На неколку години | 3 | 6.1 | 10 | 18.9 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 5 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето колку често е посетено училиштето во кое работат анкетираните наставници од страна на просветните инспектори




Графикон 5 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето колку често е посетено училиштето во кое работат анкетираните наставници од страна на просветните инспектори

Од податоците прикажани на графиконот може да се забележи дека 10.2% од наставниците од одделенска настава се изјасниле дека училиштето во кое работат е посетено од страна на просветните инспектоти еднаш во текот на учебната година, 44.9% истакнале дека е посетено на 2 – 3 месеци, 38.8% истакнале дека училиштето е посетено два пати годишно и 6.1% од наставниците истакнале дека според нивните сознанија училиштето во кое работат е посетено од просветни инспектори еднаш во неколку години. Од страна на наставниците од предметна настава добиени се следните податоци, односно 30.2% истакнале дека училиштето во кое работат е посетено еднаш годишно од страна на просветни инспектори, 32.1% истакнале дека е посетувано на 2-3 месеци, 18.9% истакнале дека е посетено два пати годишно и 18.9% истакнале дека училиштето е посетувано еднаш на неколку години.

Според тоа, може да се заклучи дека во најголем дел училиштата се посетувани од страна на просветните инспектори на 2 до 3 месеци, иако некогаш и поретко, односно еднаш или два пати во текот на една учебна година.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Со претходна најава | 27 | 55.1 | 32 | 60.4 |
| Ненајавено | 16 | 32.7 | 15 | 28.3 |
| Не знам | 6 | 12.2 | 6 | 11.3 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 6 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека инспекцискиот надзор во училиштето во кое работат се врши со најава




Графикон 6 – Процент на одговорите на наставниците во врска со тврдењето дека инспекцискиот надзор во училиштето во кое работат се врши со најава

Од податоците прикажани на графиконот може да се забележи дека повеќе од половина од наставниците од одделенска настава, односно 55.1% истакнале дека инспекцискиот надзор во училиштето се врши со претходна најава, 32.7% истакнале дека се врши без претходна најава и 12.2% истакнале дека немаат сознанија по ова прашање. Слични на тоа се и одговорите на наставниците од предметна настава при што 60.4% истакнале дека инспекцискиот надзор се врши со претходна најава, 28.3% истакнале дека се врши ненајавено и 11.3% немаат сознанија. Па оттука, може да се истакне дека најчесто инспекцискиот надзор од страна на просветните инспектори се врши со претходна најава, што сметам дека не е најповолно, односно дека подобро би било доколку училиштата се посетуваат без претходна најава со цел да се затекне секојдневната наставна атмосфера.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Да | 34 | 69.4 | 36 | 67.9 |
| Не | 15 | 30.6 | 17 | 32.1 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 7 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат




Графикон 7 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат

Од анкетираните наставници од одделенска настава може да се истакне дека 69.4% од анкетираните истакнале дека наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид на анкетен материјал кој е подготвен од страна на Државниот просветен инспекторат, 30.6% имаат негативен одговор по ова прашање. Согласно одговорите на наставниците од предметна настава може да се забележи дека постои извесно совпаѓање помеѓу резултатите. Поконкретно, 67.9% од наставниците од предметна настава истакнале дека наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид на анкетен материјал кој го подготвува Државниот просветен инспекторат, додека преостанатите 32.1% имаат негативен одговор. Според тоа, може да се констатира дека просветните инспектори им даваат на наставниците да пополнуваат инструменти за анкетирање.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 24 | 49,0 | 27 | 50.9 |
| Делумно се согласувам | 16 | 32.7 | 21 | 39.6 |
| Не се согласувам | 9 | 18.4 | 5 | 9.4 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 8 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека примената на стандардни прашалници или друг анкетен материјал за наставници од страна на Државниот просветен инспекторат позитивно влијае на квалитетот на воспитно образовната работа




Графикон 8 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека примената на стандардни прашалници или друг анкетен материјал за наставници од страна на Државниот просветен инспекторат позитивно влијае на квалитетот на воспитно образовната работа

Согласно добиените резултати од анкетираните наставници од одделенска настава може да се истакне дека 49,0% се согласуваат дека примената на стандардни прашалници или друг анкетен материјал за наставници од страна на Државниот просветен инспекторат има позитивно влијание на воспитно образовната работа, 32.7% делумно се согласуваат и 18.4% не се согласуваат. Добиените резултати по ова прашање од страна на предметните наставници се доста слични, односно 50.9% од наставниците се согласуваат дека примената на анкетни материјали од страна на државните инспектори на наставниците има позитивно влијание во подобрувањето на квалитетот на воспитно образовната работа. Според тоа може да се заклучи дека најголем дел од наставниците од одделенска и предметна настава

сметаат дека анкетирањето на наставниците со стандардни прашалници од страна на просветните инспектори позитивно влијае во комплетното образование и квалитет на воспитно образовната работа.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 25 | 51,0 | 26 | 49.1 |
| Делумно се согласувам | 20 | 40.8 | 25 | 47.2 |
| Не се согласувам | 4 | 8.2 | 2 | 3.8 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 9 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори




Графикон 9– Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори

Согласно добиените резултати од анкетираните наставници од одделенска настава може да се истакне дека повеќе од половина, односно 51,0% се согласуваат дека наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори, 40.8% делумно се согласуваат и 8.2% не се согласуваат. Резултатите добиени од страна на предметните наставници не отстапуваат во голема мера, односно 49.1% се согласни дека се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивната работа од страна на Државниот просветен инспекторат, 47.2% од наставниците се изјасниле како делумно задоволни и 3.8% не се согласни со ова прашање. Па оттука, може да се констатира дека најголем дел од наставниците се задоволни од досегашната соработка со

државниот просветен инспекторат од аспект на вреднување на работата на наставниците, но има и голем процент од наставниците кои се делумно задоволни.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 18 | 36.7 | 24 | 45.3 |
| Делумно се согласувам | 19 | 38.8 | 26 | 49.1 |
| Не се согласувам | 12 | 24.5 | 3 | 5.7 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 10 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека им се допаѓа начинот на кој се спроведуваат контролите за вреднување на работата од страна на просветните инспектори




Графикон 10 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека им се допаѓа начинот на кој се спроведуваат контролите за вреднување на работата од страна на просветните инспектори

Од анкетираните наставници од одделенска настава, 36.7% се согласуваат дека им се допаѓа начинот на кој се спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставниците од страна на просветните инспектори, 38.8% делумно се согласуваат и 24.5% не се согласуваат. Слично на тоа, наставниците од предметна настава 45.3% се согласуваат дека им се допаѓа начинот на спроведување контроли и вреднување на нивната работа од страна на просветните инспектори, 49.1% делумно се согласуваат и 5.7% не се согласуваат.

Според тоа, може да се констатира дека на најголем дел од наставниците, како од одделенска, така и од предметна настава, делумно им

се допаѓа начинот на кој просветните инспектори ги спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставниците.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 22 | 44.9 | 26 | 49.1 |
| Делумно се согласувам | 16 | 32.7 | 24 | 45.3 |
| Не се согласувам | 11 | 22.4 | 3 | 5.7 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 11 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека начинот на кој просветните инспектори ги спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставниците позитивно влијае на квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето




Графикон 11 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека начинот на кој просветните инспектори ги спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставниците позитивно влијае на квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето

Од податоците кои се наведени на графиконот може да се истакне дека најголем дел од наставниците од одделенска настава се согласуваат дека начинот на кој просветните инспектори ги спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставниците позитивно влијае на квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето, 32.7% делумно се согласуваат и 22.4% не се согласуваат. Наставниците од предметна настава со 49.1% се согласуваат во постоењето на позитивно влијание од начинот на спроведување контроли за вреднување на работата на наставниците врз целокупниот воспитно-образовен процес во основното училиште. Според тоа, може да се констатира дека наставниците од одделенска и предметна настава

сметаат дека спроведувањето на контроли на вреднување на наставниците, на начин кој го применуваат просветните инспектори, е од корист за подобрувањето на воспитно-образовниот процес во основните училишта.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Да | 29 | 59.2 | 31 | 58.5 |
| Не | 14 | 28.6 | 14 | 26.4 |
| Не знам | 6 | 12.2 | 8 | 15.1 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 12 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори




Графикон 12 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори

Од наведените податоци може да се забележи дека 59.2% од наставниците од одделенска настава имаат информација за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори, 28.6% немаат информација и 12.2% од анкетираните немаат сознанија по ова прашање. Слично на тоа, 58.5% од наставниците од предметна настава се информираат за времето на посета од страна на просветните инспектори, 26.4% не се информирани и 15.1% немаат сознанија по ова прашање. Согласно на добиените одговори може да се заклучи дека најчесто наставниците имаат информација за точниот ден и време на посета на нивниот час од страна на просветните инспектори што им дава можност подобро да се подготват за реализација на часот.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Се согласувам | 27 | 55.1 | 27 | 50.9 |
| Делумно се согласувам | 13 | 26.5 | 24 | 45.3 |
| Не се согласувам | 9 | 18.4 | 2 | 3.8 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 13 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на државниот просветен инспекторат значително влијае на подобрување на квалитетот на воспитно-образованата работа во Вашето училиште




Графикон 13 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на државниот просветен инспекторат значително влијае на подобрување на квалитетот на воспитно-образованата работа во Вашето училиште

Согласно прикажаните резултати на графиконот може да се истакне дека повеќе од половина (55.1%) од наставниците се согласуваат дека вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на ДПИ значајно влијае на подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето, 26.5% делумно се согласуваат и 18.4% не се согласуваат. Наставниците пак од предметна настава, со 50.9% се согласуваат со ова тврдење, додека 45.3% делумно се согласуваат. Само 3.8% од испитаните наставници од предметна настава не се согласуваат. Според тоа може да се заклучи дека вреднувањето на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на

просветните инспектори има значајно влијание врз подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовната работа во основните училишта.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Да | 36 | 77.6 | 30 | 56.6 |
| Не | 11 | 22.4 | 23 | 43.4 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 14 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека сметаат дека е потребно да се направат измени во постојниот Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција




Графикон 14 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека сметаат дека е потребно да се направат измени во постојниот Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција

Според добиените резултати од наставниците прикажани на графиконот може да се истакне дека 77.6% од наставниците од одделенска настава сметаат дека е потребно да бидат направени промени во постојниот Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција, додека 22.4% не се согласуваат со овој став. Нешто повеќе од половина, 56.6%, од наставниците од предметна настава се согласуваат дека постои потреба од измени во Правилникот за начинот и постапката на вршење на инспекциски надзор на просветните работници на работата на наставниците, додека 43.4% сметаат дека нема потреба од никакви измени.

| Категорија на одговори | Работна позиција | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одделенски наставник | | Предметен наставник | |
| | f | % | f | % |
| Да | 35 | 71.4 | 28 | 52.8 |
| Не | 14 | 28.6 | 25 | 47.2 |
| Вкупно | 49 | 100,0 | 53 | 100,0 |

Табела 15 – Одговори на наставниците во врска со тврдењето дека сметаат дека е потребно да се креира посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците во основното училиште




Графикон 15 – Процент на одговори на наставниците во врска со тврдењето дека сметаат дека е потребно да се креира посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците во основното училиште

Од добиените резултати кои се прикажани на графиконот погоре, може да се истакне дека 71.4% од наставниците од одделенска настава сметаат дека постои потреба за креирање на посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците во основното училиште, додека 28.6% не се согласуваат. Вкупно 52.8% од наставниците од предметна настава сметаат дека е потребно да се креира инструмент кој ќе биде посоодветен во процесот на евидентирање и вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците во основното образование, додека 47.2% не се согласуваат. Според тоа може да се заклучи дека најголем дел од наставниците од одделенска и предметна настава се согласуваат дека корисно би било да биде креиран нов инструмент за евиденција и вреднување на наставниците од основно образование.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на просветните инспектори

Во истражувањето ги вклучивме и просветните инспектори кои се задолжени за основното образование на територијата на град Скопје. За нивното анкетирање се определивме поаѓајќи од фактот дека Државниот просветен инспекторат е еден од темелите за квалитетно образование во Р. Македонија.

Со анкетирањето на просветните инспектори добивме одговор на многу прашања кои се однесуваат на:

- Потребата од спроведување контроли на работата на наставниците

- Потребната временска рамка за вршење на контролите на работата на наставниците во основните училишта

- Став на просветните инспектори за потребата од промена на Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците

- Потреба за зголемување на бројот на просветни инспектори

- Задоволство на просветните инспектори од досегашната практика на вршењето на инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 38 | 95,0 |
| Делумно се согласувам | 2 | 5,0 |
| Не се согласувам | / | |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 16 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека постои потреба од спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори




Графикон 16 – Процент на одговори на просветните работници во врска со тврдењето дека постои потреба од спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори Потреба за спроведување контроли на работата на наставниците

Според добиените резултати може да се истакне дека речиси сите (95%) од анкетираните просветни инспектори се согласуваат дека постои потреба од спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори, со што делумно се согласуваат и преостанатите 5% од испитаниците.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 16 | 40,0 |
| Делумно се согласувам | 14 | 35,0 |
| Не се согласувам | 10 | 25,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 17– Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека е доволно најмалку еднаш годишно да се изврши инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори




Графикон 17 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека е доволно најмалку еднаш годишно да се изврши инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори

Како што може да се види од графиконот, 40,0% од анкетираните просветни инспектори сметаат дека е сосема доволно еднаш во текот на учебната година да биде извршена контрола од страна на просветните инспектори со цел на вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците. Со наведеното тврдење делумно се согласуваат и 35,0% од испитаниците и преостанатите 25,0% не се согласуваат.

Според тоа, може да се заклучи дека во најголем дел анкетираните инспектори се согласни дека е доволно најмалку еднаш во текот на една учебна година да биде извршен инспекциски надзор со кој ќе биде вреднувано

исполнувањето на работните задачи на наставниците во основното образование.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Да | 32 | 80,0 |
| Не | 8 | 20,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 18 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека тие организираат средби со наставниците чии часови се посетени, објаснувајќи им ја целта на инспекцискиот надзор




Графикон 18 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењеро дека организираат средби со наставниците чии часови се посетени, објаснувајќи им ја целта на инспекцискиот надзор

Според прикажаните резултати може да се истакне дека 80% од анкетираните инспектори се изјасниле дека тие организираат средби со наставниците чии часови се посветени за да им ја објаснат целта на инспекцискиот надзор, додека преостанатите 20% дале негативен одговор по ова прашање.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Да | 13 | 33,0 |
| Не | 25 | 63,0 |
| Не знам | 2 | 4,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 19 – Одговори на просветните работници во врска со тврдењето дека сметаат дека со Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците




Графикон 19 – Процент на одговори на просветните работници во врска со тврдењето дека сметаат дека со Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците

Според прикажаните податоци на графиконот може да се истакне дека 63% од анкетираните просветни инспектори сметаат дека со Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование не се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците. Наспроти нивното мислење, 33,0% имаат потврден став по ова тврдење, додека 4,0% се изјасниле дека не се запознаени со оваа тематика. Овие податоци покажуваат дека ставовите на инспекторите по ова прашање се поделени и треба да се направи анализа на Инструментот и доколку постои потреба да се направат одредени измени.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 19 | 48,0 |
| Делумно се согласувам | 15 | 38,0 |
| Не се согласувам | 6 | 14,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 20 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека постои потреба од зголемување на бројот на просветни инспектори за да може успешно да се обавува законската надлежност за вреднување на работата на наставниците




Графикон 20 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека постои потреба од зголемување на бројот на просветни инспектори за да може успешно да се обавува законската надлежност за вреднување на работата на наставниците

Од наведените податоци во графиконот може да се увиди дека речиси половина од анкетираните инсплетори се согласуваат дека постои потреба од зголемувањето на бројот на просветни инспектори кои ќе можат успешно да ја обавуваат својата законска надлежност за вреднување на работата на наставниците. Со ова делумно се согласуваат 38,0% од инспекторите и 14,0% имаат негативен став. Според тоа може да се заклучи дека во најголем дел анкетираните делумно до комплетно се согласуваат дека постои потреба од зголемување на бројот на просветните инспектори за да може успешно да се реализира вреднувањето на работата на наставните кадри.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 24 | 60,0 |
| Делумно се согласувам | 16 | 40,0 |
| Не се согласувам | / | / |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 21 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека постои потреба за креирање посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта




Графикон 21 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека постои потреба за креирање посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта

Според прикажаните резултати од анкетирањето на просветните инспектори во однос на потребата за креирање на посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците во основните училишта може да се истакне дека 60,0% од анкетираните иснпектори се согласуваат и 40,0% делумно се согласуваат.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Да | 18 | 45,0 |
| Не | 22 | 55,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 22 – Одговори на просветните работници во врска со тврдењето дека се задоволни од досегашната практика на вршењето на инспекциски надзор за вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта




Графикон 22- Процент на одговори на просветните работници во врска со тврдењето дека се задоволни од досегашната практика на вршењето на инспекциски надзор за вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта

Според прикажаните резултати од анкетирањето на просветните инспектори во однос на задоволството од досегашната практика за извршување на инспекциск надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на натавниците во основните училишта може да се истакне дека, 45,0% од анкетираните имаат потврден став во однос на ова тврдење и 55,0% не се задоволни од досегашната практика. Според тоа, може да се заклучи дека поголемиот дел од вкупниот број на анкетирани просветни инспектори не се задоволни од досегашната практика на вршење на инспекциски надзор преку кој се вреднува исполнувањето на работата на наставните кадри во основните училишта.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 17 | 43,0 |
| Делумно се согласувам | 21 | 52,0 |
| Не се согласувам | 2 | 5,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 23 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека примената на стандардни прашалници или друг анкетен материјал за наставници од страна на Државниот просветен инспекторат позитивно влијае на квалитетот на воспитно – образовната работа во основните училишта




Графикон 23 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека примената на стандардни прашалници или друг анкетен материјал за наставници од страна на Државниот просветен инспекторат позитивно влијае на квалитетот на воспитно – образовната работа во основните училишта

Од наведените податоци во графиконот може да се увиди дека од просветните инспектори кои беа дел од овој истражувачки примерок во најголем дел (52,0%) делумно се согласуваат дека со примена на стандардни прашалници или пак со друг вид на анкетен материјал за наставници позитивно ќе се влијае на квалитетот на образованието во целост, со што комплетно се согласуваат и 43,0% од анкетираните. Преостанатите 5,0% не се согласуваат со споменатото тврдење.

Според тоа може да се заклучи дека во најголем дел анкетираните просветни инспектори сметаат дека примената на анкетни материјали за

наставниците има позитивно влијание кон подобрувањето на комплетниот образовен процес.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Да | 26 | 65,0 |
| Не | 14 | 35,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 24 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат




Графикон 24 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат

Од прикажаните резултати во графиконот може да се види дека најголем дел од анкетираните просветни инспектори (65,0%) истакнале дека наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид на анкетен материјал кој е подготвен од страна на просветните инспектори, на што негативен одговор дале 35,0% од анкетираните од оваа категорија. Според тоа може да се заклучи дека во најголем дел анкетираните просветни инспектори имаат поделено мислење по ова прашање, односно поделено искуство. Според одредени категории на просветни инспектори, наставниците пополнуваат анкетни материјали кои ги добиваат од Државниот просветен инспекторат, додека според други инспектори наставниците не пополнуваат анкетни материјали.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 12 | 30,0 |
| Делумно се согласувам | 13 | 33,0 |
| Не се согласувам | 15 | 37,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 25 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори




Графикон 25 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори

Како што може да се увиди од прикажаните резултати на графиконот 30,0% од просветните инспектори сметаат дека наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивната работа, со што делумно се согласуваат 33,0% од анкетираните инспектори и 37,0% не се согласуваат. Па оттука, може да се констатира дека ставовите на просветните работници се поделени, но сепак може да се каже дека степенот на согласност е од делумно до несогласување со тврдењето, што всушност посочува кон тоа дека наставниците не се здоволни од начинот на кој се вреднуваат нивните работни должности од страна на Државниот просветен инспекторат.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 17 | 43,0 |
| Делумно се согласувам | 23 | 57,0 |
| Не се согласувам | 0 | 0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 26 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека начинот на кој што просветните инспектори ги спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставници позитивно влијае на квалитетот на воспитно – обрзованата работа во основните училишта




Графикон 26 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека начинот на кој што просветните инспектори ги спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставници позитивно влијае на квалитетот на воспитно – обрзованата работа во основните училишта

Според прикажаните резултати на графиконот, 43,0% од просветните инспектори сметаат дека начинот на кој тие ги вршат контролите за вреднување на работата на наставниците има позитивно влијание на квалитетот на образованието во основните училишта, со што делумно се согласуваат и преостанатите 57,0% од испитаниците. Па оттука, може да се заклучи дека во најголем дел просветните работници имаат релативно ниво на согласност дека начинот на спроведување на контролите за вреднувањето на

работата на наставните кадри има позитивно влијание врз квалитетот на воспитно-образовен процес.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Да | 31 | 77,0 |
| Не | 9 | 23,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 27 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори




Графикон 27 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори

Според прикажаните резултати на графиконот, 77,0% од просветните инспектори истакнале дека наставниците се информирани за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори, со што не се согласуваат 23,0% од анкетираните од оваа категорија. Па оттука, може да се констатира дека просветните инспектори ги информираат наставниците за точното време на посета од страна на Државниот просветен инспекторат со цел да можат да се подготват за инспекцискиот надзор.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Да | 16 | 40,0 |
| Не | 24 | 60,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 28 – Одговори на просветните работници во врска со тврдењето дека тие сметаат дека е доволно да се користи најмалку 20% од планираното време за вршење надзор на работата на наставниците во основното училиште, за да дадат стручна оценка за наставата којашто ја посетувале




Графикон 28 – Процент на одговори на просветните работници во врска со тврдењето дека тие сметаат дека е доволно да се користи најмалку 20% од планираното време за вршење надзор на работата на наставниците во основното училиште, за да дадат стручна оценка за наставата којашто ја посетувале

Според прикажаните резултати на графиконот, 40,0% од просветните инспектори сметаат дека е сосема доволно да се применува 20,0% од

планираното време за надзор на работата на наставниците за да може да се даде стручна оценка за посетената настава, со што не се согласуваат преостанатите 60,0%. Според тоа, може да се истакне дека повторно ставовите на просветните инспектори се поделени, односно речиси половина од инспекторите сметаат дека е сосема доволно 20,0% од планираното време да биде посветено на надзор на работата на наставниците за да се даде стручна оценка за квалитетот на наставата, додека половина од испитаните инспектори сметаат дека потребно повеќе време за правилна проценка.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 23 | 57,0 |
| Делумно се согласувам | 13 | 33,0 |
| Не се согласувам | 4 | 10,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 29 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на државниот просветен инспекторат значително влијае на подобрување на квалитетот на воспитно – образованата работа во основните училишта




Графикон 29 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на државниот просветен инспекторат значително влијае на подобрување на квалитетот на воспитно – образованата работа во основните училишта

Според прикажаните добиени резултати на графиконот може да се истакне дека 57,0% од просветните инспектори сметаат дека со вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците од страна на ДПИ зналително ќе се придонесе кон подобрување на квалитетот на образованието, до што делумно се согласуваат 33,0% од анкетираните и 10,0% не се согласуваат.

Па оттука, може да се резимира дека најголем дел од анкетираните просветни инспектори се согласуваат дека вреднувањето на исполнувањето на

работата на наставниците од страна на ДПИ има влијание врз степенот на подобрување на квалитетот на образованието во основните училишта.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Да | 38 | 95,0 |
| Не | 2 | 5,0 |
| Вкупно | 40 | 100,0 |

Табела 30 – Одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека сметаат дека е потребно да се направат измени во постојниот Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција




Графикон 30 – Процент на одговори на просветните инспектори во врска со тврдењето дека сметаат дека е потребно да се направат измени во постојниот Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција

На графиконот може да се забележи дека 95,0% од анкетираните просветни инспектори се согласуваат дека постои потреба од измени во постојниот Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција, додека преостанатите 5,0% не се согласуваат. Според тоа, може да се заклучи дека просветните инспектори сметаат дека постои потреба од одредени промени во споменатиот Правилник.

## IV. ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И КОНСТАТАЦИИ

### Општи заклучоци

Анализата на податоците добиени во истражувањето ја потврди општата (генерална) хипотеза, дека *наставниците и државните инспектори имаат позитивно мислење во врска со вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на просветните инспектори*. Врз основа на направената анализа се изведени следните општи заклучоци, кои се однесуваат на посебните хипотези.

1. Во врска со првата посебна хипотеза, која гласи, ***постои потреба од спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори***, од анкетирањето на наставниот кадар и просветните инспектори се добиени податоци со кои се потврдува хипотезата. Имено, на прашањето, дали постои потреба од спроведување на контроли на работата на наставниците, најголем процент од анкетираните наставници и од анкетираните просветни инспектори сметаат дека постои потреба од контролирање на работата на наставниот кадар од страна на просветните инспектори.
2. Од увидот на податоците кои се добиени со истражувањето се констатира дека ***најдобрата временска рамка за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори се смета дека е доволно***

***најмалку еднаш годишно да се изврши инспекциски надзор***, со што се потврдува втората посебна хипотеза. Вакво мислење застапуваат најголем процент од анкетираните наставници и од анкетираните просветни инспектори.

3. Добиените резултати од ова истражување ја потврдуваат и третата посебна хипотеза, односно дека, ***наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат***. Ова се констатира бидејќи најголем процент од анкетираните наставници (од одделенска настава 69,4% и 67,9% од предметна настава) се изјасниле дека тие пополнуваат стандардни прашалници или други анкетни листови кои им ги доставуваат просветните инспектори.
4. Во врска со четвртата посебна хипотеза, која гласи, ***наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори***, се констатира, дека истата се потврдува, бидејќи кај најголем процент од анкетираните наставници доминира дека тие се задоволни од начинот на кој просветните инспектори ја вреднуваат нивната работа.
5. Во врска со петтата посебна хипотеза, која гласи, ***наставниците имаат позитивен став за начинот на којшто се спроведуваат контролите за вреднување на нивната работа од страна на просветните инспектори***, добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат оваа хипотеза, бидејќи сосема мал процент (5,7%) од анкетираните наставници искажале негативно мислење во врска со ова прашање.

6. За проверување на шестата посебна хипотеза, која гласи, ***просветните инспектори организираат средби со наставниците чии часови се посетени, објаснувајќи им ја целта на инспекцискиот надзор***, се анализирани одговорите што се добиени како од наставниците така и од просветните инспектори. Добиените податоци ја потврдуваат оваа хипотеза, бидејќи најголем процент од анкетираните просветни инспектори (80,0%) и од анкетираните наставници (58,8%) се изјасниле дека дека просветните инспектори организират средби со наставниците чиишто часови ги посетуваат на кои им се објаснува целта на извршениот инспекциски надзор.
7. Добиените резултати од ова истражување ја потврдуваат седмата посебна хипотеза, која гласи, ***наставниците сметаат дека со Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование не се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците***. Ова се констатира, бидејќи најголем процент од анкетираните наставници и од анкетираните просветни инспектори (63,0%) се изјасниле со ставот дека со инструментот не се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците.
8. За проверување на осмата посебна хипотеза, која гласи, ***наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори***, се анализирани одговорите што се добиени од наставниците и

просветните инспектори. Со добиените одговори се потврдува оваа хипотеза, бидејќи во нив доминира ставот дека наставниците се информирани за времето на посета од страна на просветните инспектори.

9. Добиените резултати од истражувањето не ја потврдуваат деветтата посебна хипотеза, која гласи, ***просветните инспектори се задоволни од досегашната практика на вршењето на инспекцискиот надзор за вреднувањето на исполнувањето на работните задачи на наставниците од основните училишт***а, бидејќи поголем процент од анкетираните просветни инспектори (55,0%) се изјасниле дека не се задоволни од досегашната практика на вршењето на инспекцискиот надзор.
10. Со добиените резултати од анкетирањето на просветните инспектори се потврдува десеттата посебна хипотеза, која гласи, ***просветните инспектори сметаат дека е недоволен постојниот број на инспектори за успешно обавување на нивната законска надлежност за вреднување на работата на наставниците***. Ова се констатира со фактот дека сосема мал процент од анкетираните просветни инспектори (14,0%) се искажале дека нема потреба да се зголемува бројот на просветните инспектори.
11. Во врска со единаесетата посебна хипотеза, која гласи, ***просветните инспектори сметаа дека е доволно да се користат најмалку 20% од планираното време за вршење надзор во основните училишта за да дадат стручна оценка за***

***наставата што ја посетувале***, според добиените резултати од истражувањето истата не се потврдува. Ова се констатира бидејќи поголем процент од анкетираните просветни инспектори се изјасниле дека дека не доволно да се користи само 20% од планираното време за вршење на инспекцискиот надзор на наставниците од основните училишта за да се даде правилна стручна оценка за посетената настава.

12. Добиените резултати за дванаесетата посебна хипотеза, која гласи, ***просветните инспектори се на мислење дека нема потреба да се прави измена во постојниот Павилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција,*** ја потврдуваат оваа хипотеза. Ова се констатира врз основа на фактот што речиси сите анкетирани просветни инспектори (95,0%) искажале мислење дека постои потреба од измени во постојниот Правилник.
13. Тринаесеттата посебна хипотеза, која гласи, ***просветните инспектори сметаат дека нема потреба за креирање посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта***, со резултатите на ова истражување се потврдува, бидејќи најголем процент од анкетираните просветни инспектори (60,0%) се изјасниле треба да биде креиран посоодветен инструмент за евиденција и вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците. Истоветен став по ова прашање искажале и најголем процент од анкетираните наставници (71,4% од

наставниците од одделенска настава и 52,8% од наставниците од предметна настава).

## Препораки

Од анализирањето на тематиката и спроеденото емпириско истражување дојдено е до заклучоци од кои, пак, се изведуваат одредени предлози, препораки и сугестии и тоа:

- Да се зајакне контролата во основните училишта и почесто да се врши инспекциски надзор за вреднување на работата на наставниците. Секако контролите треба да се вршат без претходна најава за да можат инспекторите да ја затекнат секојдневната атмосфера на часот, за да можат да дадат понатамошни насоки за подобрување на наставата.
- Просветните инспектори секогаш да се сретнуваат со наставниците по посетата на нивниот час. Притоа, средбата би имала за цел, на наставниците да им бидат воочени евентуалните грешки кои ги прават при водењето на наставата, да ги пофалат за успешно завршената работа и слично.
- Потребно се да се преиспита Инструментот за вреднување на работата на наставниците и пред почетокот на секоја учебна година да се прави негова анализа, евалуација, согласно на промените на работењето.

- Потребно е да се зголеми бројот на вработени просветни инспектори во Државниот просветен инспекторат, што ќе придонесе кон почести посети на часовите на наставниците.

Освен тоа, од резултатите на ова истражување произлегува дека е потребно да се извршат определени измени и дополнувања во *Павилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција.*

## Користена литература


1. Armstrong, T. (2006). Višestruke inteligencije u razredu. Zagreb:Educa.
2. Barber, M., Mourshed, M. (2007). How the World's Best-Performing Schools Come out on Top. McKinsey & Company.
3. Bill & Melinda Gates Foundation. (2009). Working with Teachers to Develop Fair and Reliable Measures of Effective Teaching, Seattle, USA: Bill & Melinda Gates Foundati on.
4. Bernstein, B. (2000). Pedagogy, Symbolic control, and Identity: theory, research, critique, (Revised Edition). Oxford: Rowman and Littlefield Publishers Inc.
5. Budimir,G. (2002). Funkcije savremenog učitelja-Zbornik radova. Jagodina : Učiteljski fakultet.
6. Гојков, С. (2006). Циљеви – компетенције учитеља и васпитача, Вршац: Виша школа за образовање васпитача
7. Gordon, T. (1998). Kako biti uspešan nastavnik, Beograd: Kreativni centar.
8. Grupa autora. (2009). Prirucnik za nastavnike, Regional environmental center
9. Државен просветен инспекторат, Упатство за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставницизе и стручните соработници во основното и средното образование, Скопје: Министерство за образование и наука
10. Farkas, S. Johnson, J. Foleno, T. (2000). A sense of calling: Who teaches and why. New York: Public agenda.

11. Homeier, W., Kluth, J. (2011). The impact of Inspection. Lower Saxony. Presentation on the SICI workshop from 23-25 November 2012 in Stockholm, Sweden. Online: http://www.sici-inspectorates.eu/en/87600- impact-of-inspection-stockholm-sweden
12. Инструмент за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование, Скопје: Министерство за образование и наука.
13. Jakovljević,N. (1999). Škola u prirodi:priručnik za učitelje. Zagreb: Hrvatski pedagoško-književni zbor.
14. Jankovic, P. (2006) Savremena razredna nastava, Pedagoski fakultet, Sombor
15. Jankovic, P. (2006). Ucitelj u svome kolektivu. Savremena razredna nastava, Sombor: pedagoski fakultet. Str.49-62.
16. Jensen, E. (2003). Super nastava. Zagreb : Educa.
17. Jones P. Coleman, J. (2005). The United Nations and Education: Multilateralism. Development and Globalisation. London and New York: Routledge.
18. Knežević-Florić, O. (2006). Interaktivna pedagogija, Novi Sad: Savez pedagoških društava Vojvodine
19. Komenski, J.A. (1967). Velika didaktika, Beograd: Zavod za izdavanje udžbenika Socijalističke Republike Srbije, str.106
20. Kopas-Vukašinović, E. i Anђelković, S. (2006). Kvalitet rada univerzitetskih profesora.
21. Крњаја, Ж. (2003). Професионални развој васпитача у Зборнику радова бр. 6/2003. Сремска Митровица: Виша школа за образовање васпитача
22. Krulj,R., Kačapor, S., i Kulić, R. (2003). Pedagogija, Beograd: Svet knjige.

23. Lalovic, P.R. (2012). Neki modeli instrumenata za planiranje i samovrednovanje rada skoli. Sarajevo:ZUNS.
24. Lalovic, P.R. (2008). Skola i kvalitet, Foca: CKI.
25. Levin, J., Seddon, T., Ozga, J. (2013). World year book of education. Bristol: University of Bristol.
26. Matijević, M. (2004). Ocjenjivanje u osnovnoj školi. Zagreb : Tipex.
27. Marković,Ž. (2002). *Nastavnik je vaspitač*. Kragujevac
28. Marzano, R. J. (2006). Nastavne strategije.Zagreb:Educa.
29. McCrone, T., Rudd, P., Blenkinsop, S., Wade, P., Rutt, S. & Yeshanew, T. (2007). Impact of Section 5 inspections: maintained schools in England: Final report. Online: http://www.ofsted.gov.uk/resources/impact-reports- 2007
30. Министерство за образование и наука, (2013) Извештај од извршеното вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници во ООУ, Влада на Република Македонија
31. Мицковска-Ралева, А. (2013). Квалитетот на системот за обезбедување квалитет во основното образование, Скопје: Центар за истражување и креирање политики.
32. Mužić, V. (1999) Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrazovanja. Zagreb: Educa.
33. Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015. Скопје: Министерсво за образование и наука на Република Македонија.

34. Ofsted (2011). The Annual Report of Her Majesty's Chief Inspector of Education, Children's Services and Skills 2010/11. Online: http://www.ofsted.gov.uk/resources/annualreport1011
35. Popović, D., Subotić, Lj. 141d r. (2008). Profesionalni razvoj na nivou škole, priručnik za škole, Podgorica: Zavod za školstvo.
36. Potkonjak, N. I Šimleša, P. – red. (1989). Pedagoška enciklopedija 1, Beograd:
    a. Zavod za udžbenike i nastavna sredstva i dr. Izdavači
37. Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција. Скопје: Министерство за образование и наука.
38. Pravilnik o vrednovanju kvaliteta nastavnog I pedagoskog rada nastavnika I saradnika. (2012). Beograd: Univerzitet Singidunum.
39. Robertson, S. (2000). A Class Act: Changing Teachers' Work, Globalisation and the State. New York: Falmer Press.
40. Стотард, Б. (2004). Образование за животни вештини. Прирачник за неформално образование. Скопје: УНИЦЕФ.
41. Smyth, J. Dow, A. Hattam, R. Reid, A. Shacklock, G. (2000). Teachers' Work in a Globalizing Economy, Falmer: New York.
42. UIS. (2006). Teachers and Educational Quality – Monitoring Global Needs for 2015, Montreal: UNESCO.
43. Vilić- Kolobarić, K. (2002). Priručnik za pedagoške radionice. Đakovo: Temposhop.

44. Willis, L. (2010). Is the Process of Special Measures an Effective Tool for Bringing about Authentic School Improvement? Management in Education, 24(4), 142-148
45. Зборник 2002-2005 (2006). Штип: Граѓанска асоцијација на наставниците во Штип.
46. Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012 и 24/2013).
47. Закон за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010 и 51/2011).
48. Zavod za skolstvo, (2009) Mentorstvo-prirucnik za nastavnike, Podgorica
49. Zupljanin, M. (2013). Nastavnik kao uzor u vaspitanju ucenika. University review. Central and eastern European online library, p.162-174
50. http://www.mon.gov.mk/
51. http://www.akademik.mk/document/drzhavniot-prosveten-inspektorat
52. www.google.com
53. www.ebsco.com

# Прилози

## *<u>Прилог 1</u>* Анкетен прашалник за наставен кадар

**ПРАШАЛНИК**

**ЗА НАСТАВЕН КАДАР ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**

Почитувани наставници,

Анкетниот лист кој е пред Вас би требало да послужи за прибирање на податоци за научно-истражувачки цели. Од Вас се бара да дадете свое мислење на поставените прашања што се однесуваат на вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците од страна на просветните инспектори. Внимателно прочитајте го секое прашање, а потоа забележете го својот одговор.

Анкетирањето е анонимно, затоа очекуваме да дадете искрени одговори што го изразуваат Вашето мислење.

Однапред Ви благодариме за соработката.

## Општи податоци

**Пол:**

- ☐ Женски
- ☐ Машки

**Националност:**

- ☐ Македонска
- ☐ Албанска
- ☐ Турска
- ☐ Друго ____________________

**Возраст:**

- ☐ До 30 години
- ☐ Од 31 до 40 години
- ☐ Од 41 до 50
- ☐ Над 50 години

**Должина на работно искуство во настава:**

______________________________________________

**Вашата работна позиција во училиштето е:**

- ☐ Одделенски наставник
- ☐ Предметен наставник

**На секое од наредните прашања изберете еден од понудените одговори што најдобро го изразува Вашето мислење**

1. Постои потреба од спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори.
   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

2. Доволно е најмалку еднаш годишно да се изврши инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори.
   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

3. Просветните инспектори организираат средби со наставниците чии часови се посетени, објснувајќи им ја целта на инспекцискиот надзор.
   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

4. Со *Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование* не се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците.

   а) Се согласувам

   б) Делумно се согласувам

   в) Не се согласувам

5. Колку често е посетено училиштето во кое работите од страна на просветни инспектори?

   а) Еднаш годишно

   б) На 2-3 месеци

   в) Два пати годишно

   г) На неколку години

6. Испекцискиот надзор во Вашето училиште се врши:

   а) Со претходна најава

   б) Ненајавено

   б) Не знам

7. Дали пополнувате стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат?

   а) Да

   б) Не

8. Примената на стандардни прашалници или друг анкетен материјал за наставници од страна на Државниот просветен инспекторат позитивно влијае на квалитетот на воспитно образовната работа.

   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

9. Наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори.

   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

10. Ми се допаѓа начинот на кој се спроведуваат контролите за вреднување на работата од страна на просветните инспектори.

   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

11. Начинот на кој што просветните инспектори ги спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставници позитивно влијае на квалитетот на воспитно-обрзованата работа во нашето училиште.

   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

12. Дали наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори?

    а) Да

    б) Не

    в) Не знам

13. Вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на државниот просветен инспекторат значително влијае на подобрување на квалитетот на воспитно-образованата работа во Вашето училиште.

    а) Се согласувам

    б) Делумно се согласувам

    в) Не се согласувам

14. Дали сметате дека е потребно да се направат измени во постојниот *Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција*?

    а) Да

    б) Не

15. Дали сметате дека е потребно да се креира посоодветен *инструмент за евидентирање и вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците во основното училиште*?

    а) Да

    б) Не

16. Доколку имате свои забелешки и сугестии во врска со инспекцискиот надзор што го вршат просветните инспектори, Ве молиме да ги наведете.

**Прилог 2** Анкетен прашалник за просветни инспектори

**ПРАШАЛНИК**

**ЗА ПРОСВЕТНИ ИНСПЕКТОРИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**

Почитувани инспектори,

Анкетниот лист кој е пред Вас би требало да послужи за прибирање на податоци за научно-истражувачки цели. Од Вас се бара да дадете свое мислење на поставените прашања што се однесуваат на вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците од страна на просветните инспектори. Внимателно прочитајте го секое прашање, а потоа забележете го својот одговор.

Анкетирањето е анонимно, затоа очекуваме да дадете искрени одговори што го изразуваат Вашето мислење.

Однапред Ви благодариме за соработката.

**Општи податоци**

**Пол:**

- ☐ Женски
- ☐ Машки

**Националност:**

- ☐ Македонска
- ☐ Албанска
- ☐ Турска
- ☐ Друго ____________________

**Возраст:**

- ☐ До 30 години
- ☐ Од 31 до 40 години
- ☐ Од 41 до 50
- ☐ Над 50 години

**Должина на работно искуство во настава:**

______________________________________________

**Вашето работно искуство во настава е во:**

- ☐ Основно училиште
- ☐ Средно училиште
- ☐ Основно и средно училиште
- ☐ Друго_______________________

**На секое од наредните прашања изберете еден од понудените одговори што најдобро го изразува Вашето мислење**

1. Постои потреба од спроведување на контроли на работата на наставниците од страна на просветните инспектори.
   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

2. Доволно е најмалку еднаш годишно да се изврши инспекциски надзор за вреднување на исполнувањето на работните задачи на наставниците од страна на просветните инспектори.
   а) Се согласувам
   б) Делумно се согласувам
   в) Не се согласувам

3. Дали Вие организирате средби со наставниците чии часови се посетени, објаснувајќи им ја целта на инспекцискиот надзор?
   а) Да
   б) Не

4. Дали сметате дека со *Инструментот за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование* се евидентираат сите задачи од делокругот на работата на наставниците.

    а) Да

    б) Не

5. Постои потреба од зголемување на бројот на просветни инспектори за да може успешно да се обавува законската надлежност за вреднување на работата на наставниците.

    а) Се согласувам

    б) Делумно се согласувам

    в) Не се согласувам

6. Постои потреба за креирање посоодветен инструмент за евидентирање и вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта.

    а) Се согласувам

    б) Делумно се согласувам

    в) Не се согласувам

7. Дали сте задоволни од досегашната практика на вршењето на инспекциски надзор за вреднување на исполнување на работните задачи на наставниците во основните училишта.

   а) Да

   б) Не

8. Примената на стандардни прашалници или друг анкетен материјал за наставници од страна на Државниот просветен инспекторат позитивно влијае на квалитетот на воспитно – образовната работа во основните училишта.

   а) Се согласувам

   б) Делумно се согласувам

   в) Не се согласувам

9. Дали наставниците пополнуваат стандардни прашалници или друг вид анкетен материјал подготвен од Државниот просветен инспекторат?

   а) Да

   б) Не

10. Наставниците се задоволни од досегашниот начин на вреднување на нивните работни должности од страна на просветните инспектори.

   а) Се согласувам

   б) Делумно се согласувам

   в) Не се согласувам

11. Начинот на кој што просветните инспектори ги спроведуваат контролите за вреднување на работата на наставници позитивно влијае на квалитетот на воспитно – обрзованата работа во основните училишта.

    а) Се согласувам

    б) Делумно се согласувам

    в) Не се согласувам

12. Дали наставниците се информираат за времето кога ќе бидат посетени од страна на просветните инспектори.

    а) Да

    б) Не

    в) Не знам

13. Дали сметате дека е доволно да се користи најмалку 20% од планираното време за вршење надзор на работата на наставниците во основното училиште, за да дадете стручна оценка за наставата којашто сте ја посетувале?

    а) Да

    б) Не

14. Вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование од страна на државниот просветен инспекторат значително влијае на подобрување на квалитетот на воспитно – образованата работа во основните училишта.

    а) Се согласувам

    б) Делумно се согласувам

    в) Не се согласувам

15. Дали сметате дека е потребно да се направат измени во постојниот *Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција*?

    а) Да

    б) Не

16. Доколку имате свои забелешки и сугестии во врска со инспекцискиот надзор што го вршат просветните инспектори, Ве молиме да ги наведете.

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

__________________________________

**Министерство за образование и наука**

Државен просветен инспекторат во Куманово

***Прилог 3***

Бр. 21-____/ ___

17. 10.2013 год.

## ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНОТО ВРЕДНУВАЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА РАБОТНИТЕ ДОЛЖНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО ООУ

_______________________________________________

Од ____________ година по задолжение на директорот на Државниот просветен инспекторат Скопје, согласно Годишната програма за работа на ДПИ, беше спроведена нтегрална евалуација во _______________________________________

На ден __________ година согласно член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просветна инспекција („Сл. Весник на РМ" 51/2011) , се изврши вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните сорботници во ООУ ____________________________

Вреднувањето го спроведоа ______________, државен просветен инспектор, раководител на инспекцискиот тим, _________________, државни просветни инспектори, членови на инспекцискиот тим, а во присуство на ______________, директор на училиштето.

При спроведувањето на вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници се разгледуваа :

- формуларите од посета на наставните часови од државните просветни инспектори, директорот и педагогот,
- Годишните глобални и тематските планирања на наставниците и стручните соработници,

- Програми за работа за дополнителна, дополнителна настава и слободни ученички активности, слободни часови на училиштето, проектни активности....,
- Дневните подготовки на наставниците,
- Одделенските и дневници за работа на паралелките,
- Педагошките картони на наставниците,
- Дневници за работа на стручни спработници,
- Сертификати од посета на семинари и обуки,
- Дипломи и пофалници од освоени натпревари и учества на натпревари на ученици кде наставникот бил ментор,
- Записници од родителски средби,
- и се друго што е предвидено во Упатството за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници во основното и средното училиште .

Од спроведеното вреднување се дојде до следните резултати:

| br | Име и презиме | Наставен предмет | бод | Бод. од интегрална | Вкупно Бод | оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Одделнски наставник | 85 | 20 | 105 | 4 |
| 2 | | Англиски јазик | 88 | 20 | 108 | 4 |
| 3 | | Физичко и здравствено образование | 97 | 20 | 127 | 5 |
| 4 | | Англиски јазик | 85 | 20 | 105 | 4 |
| 5 | | Англиски јазик | 81 | 20 | 101 | 4 |
| 6 | | Македонски јазик | 79 | 20 | 99 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | | Одделенски наставник второ одд. | 106 | 20 | 126 | 5 |
| 8 | | Одделенски наставник (второ и четврто) | 88 | 20 | 108 | 4 |
| 9 | | математика | 82 | 20 | 102 | 4 |
| **10** | | Одделенски наставник трето и петто одд | 78 | 20 | 98 | 4 |
| 11 | | Математика | 89 | 20 | 109 | 4 |
| 12 | | Техничко образование | 102 | 20 | 122 | 5 |
| 13 | | Одделенски наставник , второ и четврто одд. | 93 | 20 | 113 | 5 |
| 14 | | Географија и Природни науки | 82 | 20 | 102 | 4 |
| 15 | | Физика | 80 | 20 | 100 | 4 |
| 16 | | Историја и Граѓ.образов | 81 | 20 | 101 | 4 |
| 17 | | Одделенски наставник, прво одд. | 68 | 20 | 88 | 3 |
| 18 | | Библиотекар | 103 | 20 | 123 | 5 |
| 19 | | Македонски јазик | 81 | 20 | 101 | |
| 20 | | Одделенски наставник прво, второ и петто одд | 74 | 20 | 94 | 4 |
| 21 | | Одделнски наставник четврто одд | 93 | 20 | 113 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | | Хемија | 78 | 20 | 98 | 4 |
| 23 | | Ликовно образование | 87 | 20 | 107 | 4 |
| 24 | | Биологија | 85 | 20 | 105 | 4 |
| 25 | | Музичко образование | 88 | 20 | 108 | 4 |
| 26 | | Одделенски наставник петто одд. | 87 | 20 | 107 | 4 |
| 27 | | Одделенски наставник , трето одд. | 90 | 20 | 110 | 4 |
| 28 | | Одделнска настава, | 68 | 20 | 88 | 3 |

Прилог : Образци

**Државен просветен инспектор**

______________________________